ВЛАДА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

GOVERNMENT OF
THE REPUBLIC OF MACEDONIA

ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

CRISIS MANAGEMENT CENTER

Систем за управување со КРИЗИ

ПРИРАЧНИК ЗА ГРАЃАНИТЕ







Декември 2009

Систем за управување со
КРИЗИ

ПРИРАЧНИК ЗА ГРАЃАНИТЕ

Подготвил:
ОХО
Проект координатор:
Милан Танчески
Автори на текст:
Владимир Петревски
Владимир Куцуловски
Дизајн:
Ивана Иванова
Илустрации:
Михајло Димитриевски
Лектура:
Билјана Петревска

Се заблагодаруваме за соработката и помошта при изработувањето на овој прирачник на Стевко Стефаноски од Центарот за управување со кризи и Васко Поповски и Александра Димова од УНДП проектот.

Поддржано од проектот „Зајакнување на капацитетите на Центарот за управување со кризи“ финансиран од Владата на Јапонија и Програмата за развој на Обединетите нации - УНДП

Supported by the project “Strengthening of the Capacities of the Crisis Management Center” financed by the Government of Japan and UNDP

Ставовите презентирани во оваа публикација се ставови на авторите и не секогаш го отсликуваат официјалниот став на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).

CIP Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје
614.8-047.64 (497.7)

ПЕТРЕВСКИ, Владимир
Систем за управување со кризи : прирачник за граѓаните / Автори на текстот: Владимир Петревски, Владимир Куцуловски / Илустрации: Михајло Димитриевски - Скопје: Програма за развој на Обединетите Нации - УНДП, 2010, - 80 стр. : илустрации во боја : 23 cm.

Публикацијата е во рамките на проектот : Зајакнување на капацитетите за управување со кризи. - фусноти кон текстот. - Содржи и: Прилози

ISBN 978-9989-188-65-7
1. Куцуловски, Владимир (автор)
а) Елементарни непогоди - Кризен менаџмент - Македонија
COBISS.MK - ID 81884426

Содржина

Предговор
Вовед
1. Кризен менаџмент - управување со кризи
1.1. Општо за кризниот менаџмент или управувањето со кризи
1.2. Кризниот менаџмент во Р. Македонија
1.3. Закон за управување со кризи
2. Систем за управување со кризи во Р. Македонија: надлежности, организациска и институционална поставеност
2.1. Организациска поставеност на органите и телата во системот за управување со кризи
2.1.1. Управувачки комитет и група за процена
2.1.2. Центар за управување со кризи
2.1.3. Регионална и локална организација на системот
2.2. Надлежности на субјектите во системот за управување со кризи
2.2.1. Надлежности на Владата и државните органи
2.2.2. Надлежности на јавните претпријатија и установи и трговските друштва од посебен интерес
2.2.3. Надлежности на единиците на локална самоуправа и граѓаните
3. Национална платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи
4. Единствен комуникациско-информациски систем со карактеристичен повикувачки број – 195 >>> 112
5. Карактеристики на Р. Македонија и изложеност на ризици
5.1. Појави кои можат да го загрозат Вашиот живот, здравје и имот
5.1.1. Земјотреси
5.1.2. Поплави
5.1.3. Пожари
5.1.4. Екстремни временски услови
5.1.4.1. Ниски температури и мразеви
5.1.4.2. Високи температури и суши
5.1.4.3. Невреме со грмотевици, град и поројни дождови
6. Општи водилки за однесување при несреќи и кризи
7. Кој е вашиот придонес како граѓанин
8. Како да се подготвиме за криза и кризна состојба
8.1. Основни потреби при кризи и кризни состојби
9. Постапки за време на несреќата/кризата
10. Постапки и активности после несреќата/кризата
11. Комуникација со јавноста при несреќи и кризи
12. Родова рамноправност при несреќи и кризи
Прилози

Живееме во време кое се карактеризира со голема динамика и изразена глобализација во комуникацијата и движењето на луѓето низ целиот свет. Брзиот техничко-технолошки развој и примената на високите научи достигнувања во различните области, исклучително позитивно влијаеа на квалитетот на животниот стандард во поголемиот дел од светот. Но, во исто време, современата цивилизација се соочува и со големи предизвици, кои сè почесто го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, животната средина, материјалните, културните и другите богатства на државите.

Современиот свет, сè повеќе се соочува со нетрадиционалните видови и форми на ризици, како што се тероризам од светски размери, трговијата со дрога, оружје и луѓе, опасности од употреба на оружје за масовно уништување, инфективни болести и епидемии од поголем обем, невработеност, сиромаштија, последици од глобалните климатски промени, елементарни непогоди и катастрофи од природни феномени, деградација на животната средина, техничко-технолошки хаварии и друго. Основна нивна карактеристика е тоа што тие не познаваат државни граници и имаат глобални влијанија.

Историјата изобилува со голем број несреќи и катастрофи, кои за жал имаат предизвикано несогледиви последици и големи страдања на човечката цивилизација. Ваквите појави не се реткост ниту денес, заради што, како никогаш досега, светот се мобилизира и презема заеднички напори за намалување на ефектите од ваквите појави, кои стануваат се позачестени, поагресивни и предизвикуваат големи човечки жртви и материјални загуби, на сите континенти.

Големите светски организации, како што се Организацијата на обединетите нации (ООН), Европската унија (ЕУ), НАТО и други, во рамките на нивните институционални механизми, посветуваат сè поголемо внимание на планирање и преземање на конкретни мерки и активности насочени кон превенција и намалување на ризиците од несреќи и катастрофи ширум светот. Живееме во декада (2005-2015) која ООН, како најмасовна светска организација, ја посветуваат на јакнење на отпорноста на нациите и заедниците наспроти сè почестите појави на различни несреќи и катастрофи.

Човештвото отсекогаш живеело и ќе живее во присуство на најразлични извори на небезбедност, опасностите што нè опкружуваат постојано се менуваат и за жал предизвикуваат сè поголеми страдања, последици и штети[1]. Наша заедничка обврска е што подобро да ги запознаеме и подготвено да се соочиме со нив!

[1] Во периодот јануари-ноември 2009 година, ширум светот се случиле 245 природни несреќи, со близу 9000 човечки жртви, 58 милиони загрозени луѓе и вкупно 19 милијарди американски долари проценета штета. http://www.unisdr.org/news/v.php?id=12035.

На крајот на минатиот и почетокот на овој век, светот покажа сериозни институционални и организациски слабости во областа на заштитата на луѓето, животната средина и другите материјални богатства, кои често беа изложени на големи несреќи и катастрофи. Заради нивното надминување, светските организации и државите поединечно, вложуваа максимални напори за намалување на ризиците од несреќи и јакнење на капацитетите и способностите за справување со различни кризи и кризни состојби, како и отстранување на предизвиканите последици.

Република Македонија, од нејзиното осамостојување до денес, во рамките на сопствените можности, постојано ја следи динамиката на случувањата во оваа област. Во континуитет презема нормативни, организациски и институционални мерки и активности со цел да изгради современ и одговорен систем кој ќе обезбеди високо ниво на сигурност на своите граѓани и заштита на останатите материјални и други вредности во државата.

Заради постигнување на целосна компатибилност и интероператибилност со глобалните и регионалните безбедносни системи, во Република Македонија се воспоставува систем за управување со кризи чија основна функција е превенција, рано предупредување и справување со сите ризици и опасности[2]. Посебните цели на овој систем се насочени кон обезбедување на постојано ниво на консултации и координација помеѓу сите надлежни субјекти, донесување на одлуки на највисоко ниво, постојано проценување на ризиците и опасностите, навремена реакција, ефикасно и соодветно искористување на расположивите способности и ресурси.

Овој прирачник, преку една практично сублимирана и избрана содржина, има намера да ја прикаже генералната функција на Системот за управување со кризи во Република Македонија, да се изнесе неговата институционална и организациска поставеност, на национално и локално ниво и да се потенцираат правата и обврските на граѓаните и локалните заеници, како најширока основа врз која се поставени механизмите на самиот систем.

Преку претставувањето на карактеристиките на Р. Македонија и нејзината изложеност на одредени ризици, се потенцираат предизвиците кои имале најчесто се појавувале во последните години и предизвикале посериозни загрозувања, истовремено изнесувајќи повеќе податоци за нив, со цел подобро да се запознаеме со самиот феномен, со начинот на нивното случување и негативните влијанија кои истите можат да ги предизвикаат.

Основната цел на овој материјал е насочена кон подигнувањето на свеста кај граѓаните и локалните заедници, дека живееме во време исполнето со најразлични форми на небезбедност и испраќање на порака за нужноста од постојана подготвеност, лична и институционална, за превентивно делување и намалување на ризиците од несреќи и катастрофи, но и за соочување со сите можни форми на загрозување на животот и здравјето на луѓето, материјалните, природните и културните добра и општата безбедност во државата.

[2]Оваа област се уредува со Законот за управување со кризи, („Службен весник на РМ“ бр. 29 од 2005 година)

Општо за кризниот менаџмент или управувањето со кризи

Ако се направи обид да се дефинира кризниот менаџмент или управувањето со кризи, тогаш општата дефиниција би била дека истиот претставува комплекс на преземени мерки и активности, од превентивен и реактивен карактер, со кои надлежните институции во државата настојуваат сите извори на загрозување по безбедноста на граѓаните да ги елиминираат или нивниот ефект да го сведат на толерантни граници.

Во најширока смисла на зборот, основна задача на кризниот менаџмент е одговор на кризи, односно менаџирање или управување со појавите (ризици и опасности) кои можат да предизвикаат настанување на криза или поширока кризна состојба во државата или нејзин помал дел.

Концепциската и нормативната основа при определувањето на задачите на кризниот менаџмент тргнува од целосно различната природа на предизвиците и заканите со кои денес се соочуваме. Имено, актуелните ризици и опасности, по својата природа се непредвидливи, нивните појавни облици се тешко препознатливи, а последиците кои ги предизвикуваат се големи. Во градењето на капацитетите на кризниот менаџмент и неговите механизми и способности да се одговори на современите ризици и опасности, основното внимание се посветува на следните елементи:

- навремена идентификација и процена на веројатноста и интензитетот на потенцијалните ризици и опасности кои можат да ги загрозат граѓаните и виталните вредности на државата;
- нагласеност на превентивната функција и преземање мерки за намалување на силата на идентификуваните ризици од страна на надлежните институции;
- планирање и преземање на сеопфатни мерки за подготвеност на институциите, заедниците и граѓаните, кои ќе се спроведуваат во високо координиран и организиран процес, воден од надлежен државен орган;
- нагласеност од потребата за високо ниво на меѓуресорска и меѓународна соработка во сите фази на справувањето со кризи и кризни состојби;
- рационалност и ефикасност во искористувањето на ресурсите и капацитетите на локално и национално ниво.

Во основа, кризниот менаџмент претставува нов безбедносен концепт и поинаков приод во процесот на справувањето со новите безбедносни предизвици. Имајќи ја предвид состојбата на целосно различната природа на ризиците со кои денес сè почесто се соочуваме, кризниот менаџмент во најголем број современи општества се заснова врз принципите што ги имаат усвоено колективните безбедносни системи. Заради вака комплексната глобална состојба, кризниот менаџмент се најде многу високо во безбедносните агенди на ООН, ЕУ и НАТО. Исто така и Република Македонија настојувајќи да се одржи во чекор со нив ги презема сите потребни мерки за имплемантација на кризниот менаџмент во спроведувањето на политиките за превенција и намалување на ризиците од несреќи и обезбедување на услови за мирен и безбеден просперитет на своите граѓани.

Кризниот менаџмент во Р. Македонија

Основната цел на воспоставувањето на кризниот менаџмент или системот за управување со кризи во Р. Македонија се наоѓа во потребата од обезбедување на постојано ниво на консултации и комуникации помеѓу сите надлежни субјекти, донесување на одлуки на највисоко ниво, максимална координација, навремена реакција, ефикасно и соодветно искористување на расположивите способности и ресурси во случај на настанување на криза или кризна состојба во државата.

Управувањето со кризи како активност од висок државен интерес, се воспоставува заради превенција, рано предупредување и справување со кризи кои претставуваат ризик за животот и здравјето на луѓето и животните, материјалните, природните и културните добра, како и општата безбедност во државата. Појдовната основа за уредување на областа на кризниот менаџмент, односно управувањето со кризи во Р. Македонија се наоѓа во Националната концепција за безбедност и одбрана, која беше донесена во 2003 година од страна на Собранието. Во неа беа изнесени погледите и се дадоа основните препораки за начинот на функционирање на системот за управување со кризи во Р. Македонија.

Воспоставувањето на кризниот менаџмент во Република Македонија е во функција на подобрување на механизмите на националната безбедносна политика, а основните причини за негова имплементација се следните:

- постоење на разновидност во регулирањето на оваа материја со повеќе закони и други прописи и непостоење на посебен закон;
- непостоење на посебен државен орган чија основна функција ќе биде надлежност од областа на оваа проблематика;
- постоење на ресорен (парцијален) пристап во проценувањето на состојбите и немање единствена процена од сите ризици и опасности;
- подигнување на координацијата и ефикасноста во употребата на ресурсите ангажирани од повеќе државни институции.

Од наведените, а и од други причини, се јавуваше неефикасност во преземањето на потребните активности од страна на државните органи надлежни за спроведување на инструментите на безбедносната политика во државата. Заради целосно регулирање на оваа област, воспоставување на институционален систем и постигнување на потребната стандардизација во нормативните решенија со земјите членки на НАТО и ЕУ, Република Македонија донесе Закон за управување со кризи на седницата на Собранието одржана на 22.април 2005 година.

Закон за управување со кризи

Законот за управување со кризи („Службен весник на Р.М.“бр. 29/05) преставува основа за уредување на системот за управување со кризи во Република Македонија и тоа: неговата организација и функционирање, одлучување и употреба на ресурсите, комуникација, координација и соработка, процена на загрозеноста на безбедноста на Републиката, планирање и финансирање, како и други прашања од областа на кризниот менаџмент. Истиот е структуиран во десет тематски целини (глави) со вкупно 63 членови и предвидува повеќе подзаконски акти (уредби и правилници).

Основните цели заради кои беше донесен законот се поврзуваат со следното:

- подобрување на координацијата помеѓу државните органи, обезбедување постојана комуникација и размена на информации;
- изградба на систем за управување со кризи кој ќе обезбеди навремена, брза и ефикасна превенција и реакција во случај на загрозеност на луѓето, нивниот имот и живот, како и загрозување на безбедноста на државата од сите ризици и опасности;
- основање на посебен државен орган чија основна функција ќе биде извршување на работите поврзани со управувањето со кризи;
- координирана, рационална и ефикасна употреба на ресурсите во случај на кризи и кризни состојби.

Основна карактеристика на овој закон е тоа што со него се воведува можноста за прогласување на “кризна состојба” во државата или на одредена нејзина територија, наспроти дотогашните “воена” и “вонредна” состојба, кои ги предвидуваше Уставот, како највисок правен акт во државата[3]. Поимот кризна состојба, со овој Закон се определува со следново значење: „Кризна состојба е состојба предизвикана од ризици и опасности кои можат да ги загрозат добрата, здравјето и животот на луѓето и животните и безбедноста на Републиката, за чија превенција и/или справување е потребна употреба на поголем обем на ресурси”.

Друга битна карактеристика на овој закон е тоа што целосните негови механизми се во надлежност на Владата и владините тела кои со истиот се формираат. Ова значи дека Владата има законска можност да прогласи кризна состојба доколку ризиците и опасностите се од таков карактер што директно го загрозуваат уставниот поредок и безбедноста на Република Македонија или дел од неа, а за кои не постојат услови за прогласување воена или вонредна состојба.

[3]Устав на Р. Македонија, („Службен Весник на РМ“) бр. 52/1992, чл. 124 и 125.

И покрај доделувањето на вака силна надлежност на Владата, сепак законодавецот, со истиот закон ги пропишува и механизмите на контрола од страна на Собранието.

Врз основа на Законот за управување со кризи Владата донесува одлука за постоење на кризна состојба, го определува подрачјето зафатено со кризна состојба и соодветно на тоа ги активира механизмите за разрешување на кризната состојба. За донесената одлука веднаш ги известува Собранието и Претседателот на Република Македонија. Владата за активностите поврзани со одлуката, во рок од 48 часа устено, а еднаш неделно писмено ги известува Собранието и претседателот, додека најдоцна за 30 дена по завршувањето на активностите утврдени со одлуката за прогласување кризна состојба изготвува и доставува писмен извештај до Собранието и Претседателот. Одлуката за постоење на кризна состојба не може да трае подолго од 30 дена. Ако кризната состојба продолжи да трае подолго од 30 дена, Владата треба да побара одобрување од Собранието за продолжување на рокот или да предложи прогласување на воена или вонредна состојба.

За прв пат од осамостојувањето на Р. Македонија, врз основа на одредбите на овој закон беше прогласена кризна состојба во јули 2007 година, заради надминување на проблемите кои беа предизвикани со масовните шумски пожари. Тогашните искуства од примената на механизмите на делување кои се презедоа во прогласена кризна состојба се покажаа како доста ефикасни, а високо координираните мерки и активности преземени од сите надлежни структури во државата покажаа многу високи резултати и успеси.

Систем за управување со кризи во Р. Македонија: надлежности, организациска и институционална поставеност

Управувањето со кризи во Р. Македонија нормативно и организациски се воспоставува како систем. Самата системска организација упатува на тоа дека станува збор за комплексна организациска структура, каде се предвидува преземање на мерки и активности од сите видови (превентивни и реактивни), од страна на многу учесници (надлежни субјекти) во системот, во различни ситуации и состојби. Успешното функционирање на еден ваков систем подразбира развивање на ефикасни механизми на негова контрола и управување, во услови на нарушена безбедносна состојба во Републиката.

Организациска поставеност на органите и телата во Системот за управување со кризи

Заради непречено функционирање на системот за управување со кризи во Република Македонија, предлагање на одлуки и обезбедување на постојани консултации, координација, навремена реакција, ефикасност и соодветно искористување на расположивите ресурси во случај на кризна состојба, како и обезбедување навремена, квалитетна и реална процена на загрозеноста на безбедноста на Републиката во системот за управување со кризи согласно Законот за управување со кризи, се формираат следните органи и тела: Управувачкиот комитет (УК), Групата за процена (ГП), Центар за управување со кризи (ЦУК), Регионални центри за управување со кризи (РЦУК), Главен штаб (ГШ) и Регионални штабови (РШ).

Управувачки комитет и група за процена

Управувачкиот комитет е највисокото тело на Владата на кое Законот му ја доверува координацијата и управувањето со системот за управување со кризи. Него го сочинуваат министрите на министерствата за: внатрешни работи, здравство, транспорт и врски, одбрана, надворешни работи и раководителот на групата за процена. Во работата на управувачкиот комитет, законодавецот предвидел и учество на преставник на собраниската комисија за одбрана и безбедност и претставник на претседателот на државата. Во согласност со член 15 од законот, предлог за утврдување на кризна состојба до управувачкиот комитет може да поднесе функционер кој раководи со некој орган на државната управа, член на управувачкиот комитет, раководителот на групата за процена и директорот на центарот за управување со кризи.

Управувачкиот комитет го разгледува предлогот и предлага до Владата утврдување на постоење на услови за прогласување на кризна состојба и подрачје кое е зафатено со кризната состојба. Соодветно на тоа, дава предлог за активирање на механизми за нејзино разрешување во согласност со законот за управување со кризи. Со управувачкиот комитет раководи лице од неговиот состав, кое го назначува претседателот на Владата.

Групата за процена е исто така тело на Владата кое врши постојано проценување на ризиците и опасностите по безбедноста на Републиката и предлага мерки и активности за нивна превенција, рано предупредување и справување со кризна состојба. Групата за процена согласно Законот за управување со кризи ја сочинуваат: директорите на Бирото за јавна безбедност, Управата за безбедност и контраразузнавање, Агенцијата за разузнавање, директорите и замениците на директорите на Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, заменикот на началникот на Генералштабот на Армијата, како и раководителот на Службата за безбедност и разузнавање во Министерството за одбрана. По потреба во работата на Групата за процена се повикуваат и други претставници на органите на државната управа, општините и на градот Скопје и експерти за определената област. Со Групата за процена раководи лице од составот на Групата за процена, кое го определува претседателот на Владата.

Центар за управување со кризи

Законот за Управување со кризи покрај тоа што ја уредува областа на управувањето со кризи има и карактер на основачки закон. Со него во системот за управување со кризи се формира самостоен орган на државната управа, по положба и функција на дирекција, со својство на правно лице. Називот на самостојниот орган на државната управа е Центар за управување со кризи и истиот е задолжен за обезбедување на целосната организациска, административна и стручна подршка на телата и субјектите во системот за управување со кризи. Неговите основни надлежности се состојат во:

- обезбедување континуитет во меѓуресорската и меѓународната соработка, консултации и координација во управувањето со кризи;
- изработување и ажурирање на единствена процена за сите ризици и опасности по безбедноста на Републиката;
- предлагање на мерки и активности за разрешување на кризна состојба;
- извршување на други работи утврдени со закон.

При Центарот за управување со кризи се формира Главен штаб, како оперативно-стручно тело кое раководи со активностите за превенција и справување со кризни состојби. Главниот штаб го сочинуваат претставници од учесниците во Управувачкиот комитет. Членови на штабот се и раководителот на итната медицинска помош во Скопје, директорот на Дирекцијата за заштита и спасување, претставници на Армијата, Агенцијата за разузнавање и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации. Со Главниот штаб раководи директорот на Центарот.

Повеќе информации за надлежностите и активностите на Центарот за управување со кризи, како и актуелните состојби и случувања во земјата, регионот и светот може да се видат на неговата веб-страница: www.cuk.gov.mk.

Регионална и локална организација на системот

Заради информирање, следење на состојбата, размена на податоци и информации, давање на предлози за управување со кризна состојба и изработка на единствена процена, системот за управување со кризи се организира на целата територија на Р. Македонија, а неговата регионална организациска структура, согласно членот 23 од Законот, се воспоставува во 35 Регионални центри, вклучувајќи го и градот Скопје.

Регионални центри за управување со кризи (РЦУК) се формираат со седиште во општините: Берово, Битола, Валандово, Велес, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Македонски Брод, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Струга, Струмица, Тетово, Штип, Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар, Чаир и градот Скопје. Просторната поставеност и границите на Регионалните центри се прикажани на сликата во Прилогот 1 на овој прирачник.

Заради рационалност и ефикасност во работењето, оперативната организација на Системот за управување со кризи на регионално ниво е воспоставена во 8 главни регионални центри (ГРЦУК):

1. ГРЦУК Скопје, надлежен за северниот регион,
2. ГРЦУК Куманово, надлежен за североисточниот регион,
3. ГРЦУК Тетово, надлежен за северозападниот регион,
4. ГРЦУК Охрид, надлежен за југозападниот регион,
5. ГРЦУК Битола, надлежен за јужниот регион,
6. ГРЦУК Велес, надлежен за централниот регион (Повардарје),
7. ГРЦУК Струмица, надлежен за југоисточниот регион
8. ГРЦУК Штип, надлежен за источниот регион.

Во овие центри се работи непрекинато 24 часа 7 дена во неделата. Дежурните служби во овие центри можат да се добијат на карактеристичниот и бесплатен телефонски број 195, кој во блиска иднина ќе биде заменет со европскиот број за итни повици Е-112. Просторната поставеност и границите на Главните регионалните центри се прикажани на сликата во Прилогот 2 на овој прирачник.

Локалното покривање на останатите единици на локална самоуправа (до вкупниот број - 84) се врши со поединечно определени лица од регионалните центри за управување со кризи кои се надлежни согласно територијалната поставеност на системот, прикажана на во прилогот 1.

Детален преглед со адреси на седиштето и телефони за контакт во сите 35 Регионални центри за управување со кризи е даден во Прилогот 3 на овој прирачник.

Во регионалните центри се формираат Регионални штабови, како оперативно-стручни тела со кои раководи раководителот на Регионалниот центар. Регионалните штабови во Регионалните центри ги сочинуваат претставници од подрачните единици на министерствата и другите органи од државната управа кои партиципираат во Управувачкиот комитет, како и по еден претставник на општините и на градот Скопје чии подрачја се опфатени во Регионалниот центар. Регионалните штабови се активираат со одлука на директорот на Центарот.

Целосната организациска и институционална поставеност на телата и органите во Системот за управување со кризи во Република Македонија е претставена на следната шема:



Шема бр. 1. Организациска и институционална поставеност на системот за управување со кризи во Р. Македонија

Надлежности на субјектите во системот за управување со кризи

Како учесници во рамките на системот за управување со кризи, со различно поставени права и обврски, Законот ги определува: органите на државната управа и органите на државната власт, вооружените сили на Армијата и силите за заштита и спасување, органите на општините и градот Скопје, јавните претпријатија и установи, трговските друштва, граѓаните и нивните здруженија, невладините организации и по потреба други субјекти.

Надлежности на Владата и државните органи

Како што беше изнесено во точката 1.3. механизмите на системот за управување со кризи целосно се во ингеренција на Владата, владините тела кои координираат и управуваат со системот (УК и ГП) и Центарот за управување со кризи како надлежен орган на државната управа за работите од областа на кризниот менаџмент. Владата како носител на извршната власт во државата, во системот за управување со кризи ги извршува следните надлежности:

- Донесува одлука за постоење на кризна состојба, го определува подрачјето кое е зафатено со кризната состојба и презема потребни мерки и активности за нејзино разрешување;
- За сите активности поврзани со кризната состојба ги известува Собранието и Претседателот на Р. Македонија;
- По завршувањето на кризната состојба поднесува писмено известување до Собранието и Претседателот на Р. Македонија со кое ги известува за сите преземени мерки;
- Донесува одлука за употребата на ресурсите на органите на државната управа, органите на општините и градот Скопје и одлучува за начинот на управување со нивната употреба;
- Поднесува предлог до Претседателот на државата за употреба на делови од Армијата на Р. Македонија, заради справување со кризната состојба;
- Определува начин на користење на ресурси во сопственост на јавните претпријатија и установи, трговските друштва од посебен интерес и граѓаните и утврдува надоместок за нивната употреба;
- Одлучува за прифаќање и испраќање на хуманитарна помош и соработка заради справување со кризи;
- Донесува единствена процена од сите ризици и опасности кои можат да го загрозат животот и здравјето на граѓаните, нивниот имот, материјалните, природните и културните добра на државата, како и нејзината општа безбедност;

- Одлучува за висината на средствата од буџетот на Р.М. наменети за превенција, рано предупредување и справување со кризи;
- Го уредува јавното тревожење во Републиката и ги пропишува знаците за тревожење;
- Ја уредува примената на мерките за криптозаштита и противелектронското обезбедување за потребите на системот за управување со кризи;
- Го уредува видот и начинот на планирање и спроведување на обуките и вежбите, како и процедурите кои задолжително се спроведуваат во системот за управување со кризи;
- Врши други работи во согласност со законските прописи.

Министерствата и другите органи на државната управа учествуваат во превенцијата, раното предупредување и справувањето со ризиците и опасностите кои можат да предизвикаат криза и кризна состојба во државата, во согласност со Законот за управување со кризи и другите закони кои ја уредуваат нивната предметна надлежност.

Министерствата и другите органи на државната управа ги извршуваат следните обврски:

- Ги преземат потребните мерки на подготовки за остварување на непречена функција на областа за која се надлежни во услови на постоење на кризи и кризна состојба во државата;
- Планираат и обезбедуваат средства во рамките на своите буџети за преземање на подготвителни мерки, како и мерки за надминување на предизвикани последици од кризи и кризна состојба;
- Должни се на барање на телата и органите кои управуваат со системот за управување со кризи да ги стават на располагање сопствените ресурси, заради справување со кризи;
- Остваруваат други обврски согласно законските прописи и постапуваат по донесени одлуки од страна на Владата.

Од посебно значење за системот за управување со кризи е местото и улогата на Дирекцијата за заштита и спасување која е надлежен орган за планирање и организирање на Системот за заштита и спасување во Републиката и формирање, обука и одржување на силите за заштита и спасување, кои своите надлежности продолжуваат да ги извршуваат и во услови на кризи и прогласена кризна состојба, заради справување со сериозни несреќи и катастрофи.

Надлежности на Јавните претпријатија и установи и трговските друштва од посебен интерес

Јавните претпријатија, јавните установи и служби, како и трговските друштва од посебно значење за работа во кризна состојба, кои ќе ги определи Владата на Р. Македонија, имаат обврска да се подготвуваат за извршување на нивните функции и задачи за превенција и справување со ризици и опасности кои можат да предизвикаат криза или кризна состојба во државата или на одреден нејзин дел. Посебните нивни надлежности и обврски се однесуваат на следното:

- Должни се на барање на телата и органите кои управуваат со системот за управување со кризи и по одлука на Владата, да ги стават на располагање сопствените ресурси заради справување со кризи и отстранување на последици од кризи, а за тоа имаат право на соодветен надомест;
- Должни се без повик на надлежен државен орган, во случај на настанување на ненадејна несреќа или друга кризна појава да преземат активности во рамки на нивните можности и за тоа да го известат Центарот за управување со кризи на единствениот број за итни јавувања;
- Должни се во рамките на своите предметни надлежности или деловните процеси да ги испланираат и преземат потребните превентивни мерки и да подготват капацитети за справување со кризи и непогоди од поголем интензитет;
- Јавните претпријатија, јавните установи и служби, како и трговските друштва од посебен карактер, кои со своето работење можат да предизвикаат сериозни загрозувања за луѓето, животните и средината, должни се да ги преземат сите мерки на превенција и истите ги финансираат од сопствени извори;
- Остваруваат други обврски согласно законските прописи и постапуваат по донесени одлуки од страна на Владата.

Надлежности на Единиците на локална самоуправа и граѓаните

Законот за управување со кризи, посебно место и улога им дава на Единиците на локалната самоуправа и граѓаните, како најмасовен субјект во системот за управување со кризи. Заради постојано информирање и следење на состојбите на целата територија на Републиката, се формираат 35 регионални центри за управување со кризи, со седишта во општините утврдени со членот 23 од Законот за управување со кризи.

Врз основа на Законот за локална самоуправа, а во согласност со начелото на субсидијарност, општините имаат право на своето подрачје да ги вршат работите од јавен интерес и од локално значење, како што се работите од областа на управувањето со кризи и заштитата и спасувањето, пред сè на животот и здравјето на граѓаните и сите материјални добра на територијата на општината.

Од поголемата листа на надлежности на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) за потребите на овој прирачник ги издвојуваме следните:

- Урбанистичко (урбано и рурално) планирање, градење на објекти од локално значење утврдени со закон и уредување на просторот;
- Заштита на животната средина и природата;
- Планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојните и структурните приоритети, водење на локална економска политика и друго;
- Комунални дејности - снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, одведување и пречистување на отпадните води, одведување и третман на атмосферските води, снабдување со природен гас и топлинска енергија, регулација, одржување и користење на речните корита, мостови и други инфраструктурни објекти;
- Социјална заштита и заштита на децата - детски градинки и домови за стари лица, грижа за инвалидни лица, деца без родители и родителска грижа, деца со воспитно-социјални проблеми, деца со посебни потреби;
- Здравствена заштита - управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарната здравствена заштита;
- Спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив;

- Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици. Покрај наведените надлежности кои органите на ЕЛС ги спроведуваат во согласност со Законот за локална самоуправа, во нивна надлежност се и следните работи:
- Одлучуваат за висината во општинскиот буџет која се определува за финансирање на работите на управувањето со кризи и заштита и спасување на граѓаните и другите локални интереси;
- Ја усвојуваат проценета на загрозеност на општината од сите ризици и опасности;
- Одлучуваат за висината на средствата кои се определуваат за надомест на штети од предизвикани природни, елементарни и други непогоди;
- Одлучуваат за распределба на хуманитарна помош во случај на погоденост на нивната територија со криза или кризна состојба;
- Ги утврдуваат обврските на јавните претпријатија, установи и служби кои се формирани со нивни одлуки;
- Одговорни се за подготвеноста, опременоста и ангажирањето на силите за заштита и спасување кои се формирани со нивна одлука;
- Одлучуваат за барање на помош од други општини или државните институции во случај кога нивните ресурси се недоволни за справување со настаната криза и надминување на последиците од истата. Градот Скопје, како специфична ЕЛС и главен град на Р. Македонија ги координира активностите во областа на управувањето со кризи, преку посебен Регионален центар на град Скопје. Надлежностите и обврските на граѓаните на Република Македонија за потребите на системот за управување со кризи се однесуваат на следните работи:
- Да ја исполнуваат обврската за учество во заштитата и спасувањето, согласно Законот за заштита и спасување;
- Да исполнуваат материјални обврски за потребите на системот за управување со кризи;
- Да преземаат сопствени мерки за подготовка и самозаштита.

Национална платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи

Во духот на Меѓународната стратегија за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Обединетите нации (UN ISDR)[4], како и генералните насоки на Рамката за акција од Хјого, усвоени на конференцијата за намалување на катастрофи, организирана од страна на ООН, Центарот за управување со кризи во периодот 2007-2009 година ги реализира потребните активности за воспоставување на Национална платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи (НП)[5]. Националната платформа се воспоставува како широка рамка на зајакната меѓуресорска соработка и консултации и форум за размена на информации и искуства помеѓу сите релевантни субјекти во државата, во функција на превенција и намалување на ризиците и преставува мултисекторски механизам кој обезбедува анализа и советување по прашања од оваа област. Очекуваните придобивки од воспоставувањето на националната платформа како концепт за намалување на ризиците од несреќи и катастрофи, преку вложување на систематски напори за анализирање и управување со причинителите за истите, се однесуваат на:

1. Намалување на изложеноста на ризици од несреќи и катастрофи, намалување на ранливоста на поединците и заедниците, одговорно управување со просторното уредување и животната средина, подобрена подготвеност за можни несреќи и слично;
2. Ефективно вградување на пристапот за намалување на ризици од несреќи и катастрофи во политиките, плановите и програмите за одржлив развој на сите нивоа, со посебен акцент на превенцијата и намалувањето на ризиците, ублажувањето на последиците и намалувањето на ранливоста;
3. Развој и јакнење на институциите, механизмите и капацитетите на сите нивоа, посебно на нивото на локалните заедниците, кои можат да дадат систематски придонес кон градењето на отпорност од несреќи и катастрофи;
4. Систематско вградување на пристапите за намалување на ризиците од несреќи и катастрофи во плановите и програмите за кризи и кризни состојби, одговор и опоравување на заедниците кои се погодени од несреќи и катастрофи.

[4]http://www.unisdr.org
[5]http://cuk.gov.mk/images/stories/Platforma_MKD.pdf

Целта на воспоставувањето на Националната платформа е обезбедување интегриран, ефикасен и ефективен пристап за превенција, рано предупредување, справување и надминување на последици од природни и од човек предизвикани несреќи и катастрофи, притоа обезбедувајќи функционално единство на државната власт, локалната самоуправа, невладиниот сектор, академската и бизнис заедницата. Таквата цел подразбира развивање на управувачки систем кој ќе гарантира навремена, систематска и координирана реакција на чинителите на Националната платформа, осмислено развивање и оптимално искористување на расположивите ресурси (човечки, материјално-технички и финансиски).

Управувачкиот комитет како тело на Владата кое координира и управува со Системот за управување со кризи, со одлука на Владата ја добива улогата на управувачко тело и со НП, но во проширен состав од предвидениот во чл. 13 од законот за управување со кризи. Во проширениот состав на управувачкиот комитет партиципираат и функционерите кои раководат со: Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа, Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување. Со проширениот состав се обезбедува соодветно институционално покривање на сите ризици и опасностите опфатени со Националната платформа.

Во рамките на НП се формирани поединечни или специјализирани платформи според видот на ризиците и опасностите, исто така предвидени се и национални комисии за превенција и управување со специфични ризици и опасности. Повеќе информации за поединечните платформи и доменот на ризици кој истите го покриваат, како и предметно надлежните органи на државната управа во чија надлежност се истите, можат да се видат во прилогот бр. 4 од овој прирачник.

Единствен комуникациско-информациски систем со карактеристичен повикувачки број – 195 >>> 112

Центарот за управување со кризи, заради извршување на надлежностите поврзани со одржување на постојани комуникации, размена на информации, соработка и координација со сите субјекти во системот за управување со кризи, има законска обврска да воспостави и одржува „единствен комуникациско-информативен систем со единствен број на повик-јавување во случај на ризици, опасности и други несреќи, на целата територија на Републиката"[6].

Во моментот единствениот број на повик и јавување во Центарот за управување со кризи е карактеристичниот број 195, кој функционира 24 часа 7 дена во неделата на ниво на Главните оперативни центри за управување со кризи и целата територија на Р. Македонија е покриена со сигналот. Граѓаните, во случај на воочување на било каква појава која може да придизвика поголеми загрозувања или во случај на било каква итна ситуација, можат со бирањето на бројот 195 да ги добијат дежурните служби на надлежниот регионален центар на територијата на која припаѓа местото, односно локацијата од каде доаѓа повикот. Повикот ќе биде прифатен и во зависност од природата на настанот се алармира и покренува надлежната служба или служби, заради преземање на координирани мерки и активности за справување со истиот. Повикувањето на 195 е бесплатно, од сите телефонски мрежи во Републиката, фиксни и мобилни. Покрај бројот 195, на Центарот за управување со кризи, во моментот постојат и другите карактеристични броеви за повикување при несреќи и други итни состојби, како 192 за полицијата, 193 за противпожарните служби и 194 за итната медицинска помош.

Република Македонија, исполнувајќи ги критериумите и стандардите за полноправно членство во евроатланските организации, неколку години наназад презема нормативни и организациски мерки и активности за воведување на единствениот европски број за јавување во случај на итни ситуации, Е-112. Воспоставувањето на овој систем и единствениот број за итни повици е утврдено со одредби од Законот за управување со кризи и Законот за електронски комуникации, а неговата имплементација е обврска која произлегува од Директивата за универзална услуга и правата на корисниците во врска со електронски комуникациски мрежи и услуги (2002/22/ЕС), со која земјите членки на ЕУ се обврзани да го имплементираат единствениот европски број за итни повици.

[6]Закон за управување со кризи, („Службен весник на РМ" бр. 29 од 2005 година), член 40.

Воспоставувањето на системот Е-112 во Република Македонија ќе ги има следните карактеристики:

- Системот Е-112 ќе ги прима сите видови на повици од секоја локација во Р. Македонија;
- Сите оператори на јавните телефонски мрежи ќе имаат обврска да обезбедат корисниците на јавните телефонски услуги, вклучително и на јавните телефонски говорници да можат бесплатно да ги бираат броевите на службите за итни повици и Системот Е-112 да биде достапен и од мобилни телефони без SIM картичка;
- Операторите на јавните телекомуникациски мрежи не смеат да го ограничат пристапот и користењето на броевите на службите за итни повици;
- Системот Е-112 ќе овозможи прием на сите видови електронски повици од возилата, во случај на сообраќајна несреќа;
- Овој систем треба да располага со можности за еднаков пристап кон бројот Е-112 и употреба на средства за комуникација за лицата со посебни потреби;
- Сите повици од територијата која ја опфаќа еден регионален центар Е112 ќе бидат автоматски насочувани кон тој центар од страна на јавните комуникациски оператори;

Воведувањето на Е-112 во Република Македонија се реализира во две фази. Првата фаза е концептуалното дефинирање, а втората фаза е негова имплементација. Концептуалниот дизајн е дефиниран и усвоен од страна на Владата, а имплементацијата на дизајнираното решение ќе се имплементира во текот на 2010 и 2011 година.

Досегашните броеви за итни повици кон полицијата 192, кон противпожарните служби 193, кон итната медицинска помош 194 и кон Центарот за управување со кризи 195, ќе бидат заменети после одреден временски период на паралелно функционирање, со бројот 112. Со неговото воведување, граѓаните на многу поедноставен начин со помнење и бирање на само еден број, наместо досегашните четири, ќе можат да ги остваруваат сите итни повици и повратно да добијат услуга и сервис од соодветната служба.

Во системот Е-112 предвидено е функционирање на три оперативни центри за прием на повиците за итни настани, како и за координација со полицијата, итната медицинска помош, противпожарните сили и тимовите за заштита и спасување при постапување во случај на итни настани. Овие центри треба да бидат лоцирани во Скопје, Прилеп и Штип. Секој од нив ќе има можност да прима повици од било

која точка на територијата на Република Македонија и да ги координира активностите на службите за итна помош во регионот кој го покрива и на целата територија на Република Македонија, доколку има потреба од тоа.



Географска положба

Република Македонија просторно се наоѓа во југоисточниот дел на Европа и го зазема средишниот дел од Балканскиот Полуостров. На север се граничи со Србија и Косово, на исток со Бугарија, на југ со Грција и на запад со Албанија. Вкупната должина на граничната линија изнесува 849 км. Во наведените граници таа зафаќа површина од 25.713 км^2 и спаѓа во редот на помалите држави. Нашата држава се протега помеѓу 40° 50' и 42° 20' северна географска ширина и 20° 27' и 23° 05' источна географска должина. Во меридијански правец најголемата должина изнесува 170, а во напореднички правец 215 километри. Со наведените карактеристики, просторот кој го зафаќа Република Македонија има свои карактеристики кои детерминирачки влијаат на географската подложност на одредени ризици, кои треба да се имаат предвид при планирањето на мерките на заштита од природни и елементарни непогоди.

Демографија

Според податоците од последниот попис на населението, становите и домаќинствата од 2002 година, Република Македонија брои 2.022.547 жители, што е за 3,9 отсто повеќе во однос на претходниот попис од 1994 година. Меѓутоа, мерено со просечен пораст на населението, од 2010 година се очекува негативен пораст од 0,04 отсто годишно, кој континуирано ќе продолжи во наредниот период, а до 2050 година се проектира намалување на населението за 14,4 отсто[7]. Густината на населението на ниво на држава изнесува 79,3 жители на км^2, што ја сместува Република Македонија во релативно поволна состојба од аспект на населеноста. Меѓутоа, од аспект на регионалната поделеност, вредностите се помалку поволни. Скопскиот регион е најгусто населен со 326 жители на км^2, а по него следи Полошкиот со 128 жители на км^2. Наспроти нив, Вардарскиот регион е најретко населен со 39,3 жители на км^2. Статистиката на просторната дисперзија на населението покажува дека од вкупно 1762 населени места само 34 имаат градски карактер, во нив се концентрирани околу 58 отсто, а само во една градска населба (градот Скопје) живее повеќе од 20 отсто од вкупното население во државата. Од друга страна, 141 населено место, со рурален карактер целосно се депопулизирани а слична судбина многу скоро можат да дочекаат уште 455 населени места. Република Македонија се соочува со исклучителна регионална нерамномерност во растот на населението, како и со изразени разлики помеѓу урбаните и руралните средини, за што многу придонесе и општата економска и социјална состојба во последните години.

[7]Влада на Р.М. Стратегија за демографски развој на Република Македонија 2008 – 2015.

Овие и други демографски податоци се од посебна важност во процесот на планирање на мерките на кризниот менаџмент и заштитата и спасувањето, од аспект на густина на населението и влијанието на урбаната и руралната изложеност на одредени ризици.

Релјеф

Во релјефната структура на Р. Македонија доминираат планините, бидејќи тие зафаќаат 2/3 од вкупната територија. Вкупно можат да се издвојат околу 40 планини, од кои најголем дел се ниски (до 1000 м), потоа средно високи (од 1000-2000 м) и најмал дел се високи (над 2000 м). Најниската точка во Републиката е коритото на Вардар на границата со Грција (44м), а највисоката врвот Голем Кораб (2753м). Просечната надморска висина кај нас изнесува 830м, што нè вбројува во редот на повисоките земји во Европа. Во Р. Македонија се издвојуваат 4 позначајни релјефни области: источновардарска група на планини и котлини, Повардарие, пелагониска и шарска планинска област. Релјефната структура е детерминирана од повеќе внатрешни и надворешни фактори. Првите се поврзани со геолошката структура и движењата во земјината внатрешност, додека другите се предизвикани од самата изложеност на различни надворешни влијанија, како сонце, врнежи, ветер, мраз и друго, кои како краен ефект предизвикуваат ерозија на површината. Влијанието и на едните и на другите предизвикува постојани, помали и поголеми негативни ефекти во форма на природни несреќи и непогоди, не ретко со големи последици по населението и материјалните добра на државата.

Клима и климатски фактори

Времето претставува моментална состојба во одреден географски регион, додека климата преставува некоја долгогодишна просечна состојба на метереолошките елементи, препознатливи како температура, врнежи, ветрови и друго. Климата претставува многу важен географски фактор за секоја држава, таа детерминирачки влијае на количеството на врнежи, водостојот на реките, богатството и разновидноста на растителниот и животинскиот свет и придонесува за вкупниот благодет на државата. За определување на климата во Р.М. најважни климатски фактори се: географската положба, релјефот, близината на околните морија, атмосферските струења и во поново време активностите на човекот. Влијанијата на овие климатски фактори, на територијата на нашата земја овозможиле присуство на 4 климатски типови: изменета средоземноморска, умерено-континентална, континентална и планинска.

Климата и климатските фактори претставуваат елемент кој битно влијае на изложеноста на државата на ризици од природни несреќи и катастрофи кои можат да предизвикаат посериозни последици по животот на луѓето, како и материјалните и природните богатства на државата.

Хидрографија на Р. Македонија

Богатството на одреден простор со подземни и надземни води претставува многу битен географски фактор. Истото е определено од климата, просечните врнежи, релјефот, богатството со шуми, квалитетот и структурата на почвата и друго. Овие фактори условиле нашата држава да е просечно богата со подземни и површински води. Нивната просторна дисперзираност е различна; така западните делови од републиката се побогати со води од централните и источните. На територијата на нашата држава има околу 5.000 регистрирани извори, од кои 60 се со проток над 100 л/сек. Нашата речна мрежа спаѓа во категоријата на густи речни мрежи и припаѓа на 3 морски сливни подрачја: Егејското, Јадранското и Црноморското. Од многуте реки во Македонија карактеристични се само 5 со должина поголема од 100 км. Тоа се: Вардар, Брегалница, Црна река, Пчиња и Треска. Скоро сите наши реки се одликуваат со "колеблив проток" во текот на годината, што значи во летниот и сув период тие имаат мал проток, додека за време на дождови, нивниот водостој нагло се зголемува и преставуваат ризик за можни поплави, кои искуствено се случувале, а некогаш биле и од поголеми размери. Меѓутоа години наназад од страна на надлежните институции се преземени структурни мерки за уредување и чистење на водотеците, со што овој ризик е значително намален. Од особено значење за хидролошката состојба во Републиката имаат трите тектонски природни езера, Охридското, Преспанското и Дојранското. Покрај нив, во изминатите години се изградени и околу 120 поголеми и помали вештачки езера, кои се користат за разни намени: производство на електрична енергија, водоснабдување, наводнување, риболов и друго, но и како објекти во функција на превенција и намалување на ризиците од поголеми поплави ширум Републиката.

Вегетација

Република Македонија според својата географска положба се наоѓа во две големи големи вегетациско-географски области, медитеранска и евросибирска. Растителниот свет во Републиката е групиран во повеќе заедници, како шумски, тревни заедници и растителни култури. Шумите зафаќаат 1/3 од површната на државата, но поголемиот дел отпаѓа на нискостеблеста категорија, а помал дел на категоријата квалитетни шуми. Тревната вегетација ја сочинуваат ливадите, пасиштата, вегетацијата на камењарите, мочуриштата и друго. Најголем дел од оваа категорија отпаѓа на пасиштата. Покрај природната вегетација на големи површини се одгледуваат растителни култури, како стопанска гранка и приватни земјоделства на граѓаните. Во последно време, под влијание на глобалните климатски промени, екстремните временски услови со суши и невреме, како и заради невнимание на човекот сè почесто се јавуваат разни форми на непогоди и катастрофи и предизвикуваат сериозни и долгорочни последици по вкупниот растителен свет на територијата на државата.

Комуникации

Географската поставеност на нашата држава не овозможува излез на море или некоја друга водена комуникација, затоа се вели дека Р. Македонија е континентална земја, што асоцира на изолираност, но и покрај оваа нашата комуникациска мрежа се оценува како поволна. На територијата на Р.М. се вкрстуваат значајни комуникациски правци што го поврзуваат Балканот со останатите делови на Европа. Поради географската положба и природните погодности на нашите долини и котлини, тука поминуваат важни сообраќајни правци. Особено значење има долината на реката Вардар, каде поминува меѓународниот автопат и железничката пруга. Тие ја поврзуваат Р. Македонија, на север со Европа, а на југ со Грција и Средоземјето. Овој патен коридор низ земјата е познат како коридор 10. Покрај него, од големо значење е коридорот 8, кој ја поврзува земјата на исток со Бугарија и излез на Црното море и на запад со Албанија и излез на Јадранското море. Од останатите комуникациски правци, поважен е патниот и железничкиот коридор кој преку долината на реката Лепенец, преку Косово и Црна Гора нè поврзува со Јадранската магистрала и Јадранските пристаништа. Состојбата и квалитетот на комуникациските правци на државата се од посебно значење во планирањето и спроведувањето на превентивните и оперативните мерки и активности во справувањето со ризици од кризи и надминувањето на последици од кризна состојба.

Карактеристики на Р. Македонија и изложеност на ризици и опасности

Појави кои можат да го загрозат Вашиот живот, здравје и имот

Искуствата од изложеноста и погодеността на територијата на Републиката на поединечни видови ризици, неколку децении наназад укажува дека поголемите последици биле предизвикани од природни феномени, дејства на природните сили и активности на човекот, кои ги категоризираме како намерни и ненамерни. Покрај тоа, сериозни влијанија предизвикале и последиците од економската дејност и непочитувањето на мерките за заштита на природната и животна средина од производствените процеси.

Анализите и проценете во врска со актуелните и потенцијалните ризици кај нас, кои имаат поголема веројатност да се случат во денешно време, повторно се поврзуваат со ризици од природни непогоди, ефекти од климатските промени, последици од човечки активности и влијанија од економски и технолошки процеси. Покарактеристични појави кои со помал или поголем интензитет можат да се случат на територијата на Републиката или одредени нејзини делови, се поврзуваат со следните ризици:

- Земјотреси и ефекти предизвикани од нив, како лизгање на земјиште, раседи и друго;
- Поплави, предизвикани од излевање на природните водотеци, рушење на брани и акумулации и појава на обилни и поројни дождови;
- Пожари на отворен простор кои ги загрозуваат шумите, пасиштата и земјоделските култури, пожари во урбана средина и пожари на објекти;
- Екстремни временски услови, како последица на глобалните климатски промени, кои се манифестираат со ниски температури и мразеви во зима, високи температури и суши во летниот период и појава на невреме со изразени грмотевици, град и поројни дождови.

Наведените појави претставуваат само дел од целосниот спектар на ризици кои во изминативе неколку години најчесто се појавувале на територијата на целата Република, кои предизвикале човечки жртви и повреди и големи штети врз материјалните, културните и природните богатства на државата. Од тој аспект во продолжение ќе се направи поширока нивна елаборација, со цел граѓаните подобро да се запознаат со нивните карактеристики и можности за случување, ќе се акцентира потребата од подготовки и спремност за соочување и справување со истите, како и надминување на предизвиканите последици.

СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

Земјотреси

Земојтресот претставува тресење или треперење на земјината кора, предизвикано од подземните вулкански сили или, пак, кршење или преместување на карпи под површината на земјата. Земјотресите по правило траат само неколку секунди, но можат да траат и цела минута. Послабите земјотреси можат да предизвикаат тресење на прозорците и куќниот инвентар, а ако се појаки може да се почувствува и тресење на земјата. Движењето предизвикува зградите и другите градби да се нишаат или да се срушат. Смртните случаи при земјотрес никогаш не настануваат заради тресењето на земјата, туку од објектите што се рушат и предметите што паѓаат, од кршењето на стакло и од пожарите кои настануваат како последица на земјотресите.

Во Република Македонија, најпознат е земјотресот во Скопје од 1963 година во кој над илјада лица го загубија животот и голем дел од населението остана без покрив над главата. Оттогаш во скопското трусно подрачје имаше повеќе мали потреси, но ни оддалеку така силни како големиот земјотрес од 1963 година. Нашата земја има пет трусни подрачја и тоа, покрај скопскиот, тие се наоѓаат во охридско-струшкиот регион, во дебарскиот регион, во беровско и во валандовско-гевгелискиот регион (види прилог). Се разбира, потреси чии епицентри се во соседните земји можат да се почувствуваат кај нас, какви што беа земјотресите во Црна Гора во 80-ите години од минатиот век и во Егејското Море минатата деценија. Сето ова покажува дека земјотресите се ретка појава, но со оглед на големото уништување што го носат со себе, сите мора да бидеме подготвени за нив.

Подготовки за заштита од земјотрес

Извршете преглед на вашиот дом во однос на можните ризици и опасности и потоа преземете чекори истите да ги намалите. Втор важен чекор е да обезбедите вашето семејство да знае што да прави во случај на земјотрес. Исто така, треба да научите каде да се заштитите себеси во случај на земјотрес.

Покрај ова, би требало да ги направите и следниве активности:

- Ако живеете во трусно подрачје (подрачје подложно на чести или повремени земјотреси), треба добро да ги зацврстите вашиот бојлер, ладилник, како и високиот и тежок намештај за ѕидовите. Можете да го спречите ладилник и другите тешки апарати да не се придвижуваат со тоа што ќе ги блокирате нивните тркалца;

- Преместете ги потешките предмети во пониските прегради или фиоки;
- Наместете резиња или други видови брави или направи за заклучување или закочување на вратите од ормарите и креденците;
- Додадете дополнителни држачи за клима-уредите и тоа особено оние кои се наоѓаат на покривите;
- Отстранете ги сите запаливи течности, какви што се боите за молерисување и средствата за чистење, лакови и слично од делот на домот во кој живеете и преместете ги во гаражата или пак сосема надвор од куќата во шупа. Обезбедете овие предмети да бидат далеку од извори на топлина и оган;
- Креветите поставете ги подалеку од прозорците и над нив не закачувајте слики или други декоративни предмети,



За време на земјотрес

1. Останете смирени. Немојте да трчате или да дозволите да ве фаќа паника. Останете каде што сте. Најголем број повреди настануваат кога луѓето влегуваат или ги напуштаат објектите.
2. Ако сте внатре скријте се под маса, клупа, столица, застанете распоредувајќи ја телесната тежина подеднакво на двете нозе покрај ѕидовите или под вратите. Внимавајте на предмети што паѓаат, летаат или се лизгаат кон вас. Тргнете се од надворешните врати, изворите на топлина, печките, прозорците, оџаците и тешките објекти, какви што се ладилниците или машините, кои можат да се превртат или излизгаат по подот.
3. Ако сте во повеќекатница, сокријте се под маса сè додека не запре тресењето. Побарајте сигурно место онаму каде што се наоѓате. Немојте да користите лифтови за напуштање на објектот. Предметите што паѓаат околу зградата претставуваат голем ризик за вашата безбедност. Внимавајте и подалеку од зградата.
4. Ако сте во јавен објект, скријте се под маса или под некоја врата внатре во објектот или носечка греда. Избегнувајте да застанете под нешто што би можело да падне. Немојте да трчате кон излезот. Ако морате да излезете, изберете го начинот и патот кон излезот внимателно. Ако има евакуационен план на објектот да се погледне.
5. Ако сте на отворено, појдете кон некоја ширина подалеку од зградите, електричните жици или ѕидови, подалеку од тули или блокови кои би можеле да паднат. Кога ќе излезете на отворено, легнете или седнете на земја за да избегнете губење рамнотежа додека трае земјотресот.
6. Ако сте во возило, запрете со возењето веднаш, ако тоа го дозволува безбедноста во сообраќајот и не тргнувајте повторно до завршувањето на земјотресот. Избегнувајте да застанувате во близина на згради или под нив, како и под надвозници, дрвја или бандери. Кога ќе продолжите со возењето, внимавајте на моментните последици создадени од земјотресот, како што се паднати објекти, паднати електрични столбови и жици или оштетени патишта.
7. Ако сте заробени во срушен објект:
   а. Ставете некоја ткаенина врз устата и носот за да се заштитите од правот;
   б. Бидете мирни за да не кревате прав;
   в. Удирајте (врз метал или бетон) за да создадете врева – викањето може да не се чуе во голема зграда.

Немојте да бидете изненадени ако почувствувате повеќе од еден земјотрес. Откако ќе се почувствува првиот земјотресен удар, може да има намалување на тресењето и потоа да се почуватвуваат последователни удари. Овој феномен претставува пристигнување на различни сеизмички бранови од истиот земјотрес. Ова се различни земјотреси кои го следат главниот удар. Тие можат да се случат неколку минути, часови или денови по главниот земјотрес. Дополнителните удари можат да предизвикаат дополнителна штета или паѓање на веќе оштетените структури на објектите предизвикани од главниот земјотрес.





Карактеристики на Р. Македонија и изложеност на ризици и опасности

Поплави

Поплавата преставува појава на присуство на големи количини неконтролирана вода, која може да предизвика загрозување на животот и здравјето на луѓето и материјални штети.

Поплавите најчесто настануваат како резултат од долготрајни дождови кои можат да траат и по неколку дена непрекинато или со периодични прекини. Во такви ситуации доаѓа до истекување на водите од речните корита или коритата на езерата и надојдената вода се излева преку оние предели кои ѝ овозможуваат продолжување на течението. Но, има и поројни поплави кои можат да се случат многу брзо заради бури и поројни дождови или пак од обични дождови, доколку географијата на теренот овозможува некој предел брзо да биде поплавен. Исто така, поројни поплави можат да се случат и заради рушење на насипи и брани, при што водата почнува нагло да се излева од својот тек и да ги поплавува околните подрачја. Водата паѓа од стрмни подрачја многу брзо, предизвикувајќи преполнување во природните одводни системи и носејќи со себе смртоносен товар од карпи, кал, скршени дрвја и друг отпад.

Запомнете, дури и малите потоци, рекички, исушени речни корита или земјиште на ниско ниво, кое може да изгледа безопасно кога времето е суво, може да биде поплавено како резултат на поројни дождови и/или рушење на насипи и брани.

Каде и да живеете, бидете свесни за потенцијалните ризици од поплава. Ако живеете во подрачје кое е на ниска надморска висина, во близина на река или под нивото на блиска брана, би требало да бидете подготвени во случај на поплава. Дознајте колку високо или ниско под или над можните нивоа на поплавување се наоѓа вашиот имот. Потоа ќе можете да одредите дали вашиот имот ќе биде зафатен во однос на количеството наврнат дожд.

Доколку живеете во место изложено на ризик од поплава, чувајте материјали какви што се вреќи со песок, дрвени штици, пластични покривачи и трупци при рака за итна заштита од водата. Ако поплавата е неизбежна, немојте да поставувате вреќи со песок околу вашата куќа за да ја држите водата надвор од визбите. Водата која протекува надолу, под вреќите, или онаа која ќе се искачи над вреќите може да се собере околу ѕидовите во визбата или под подот, создавајќи притисок кој може да ги оштети ѕидовите и да ја издигне целата визба. Во најголем број случаи, подобро е на водата да ѝ се дозволи слободно да влезе во визбата или вие самите да ја поплавите визбата со чиста вода ако сте сигурни дека таа секако ќе биде поплавена. Ова ќе го изедначи притисокот на водата надвор од ѕидовите на визбата и со тоа ќе се избегне оштетување на темелите на куќата.

СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

Ако поплавата е веројатна и времето ви дозволува, преместете ги главните домашни уреди и другите важни предмети на повисоките спратови од куќата. Исклучете ги сите електрични уреди кои не можат да се преместат, но немојте да ги допирате ако се водени и се наоѓаат во вода.

Евакуација во случај на поплава

Ако по укажување на надлежна институција треба да го напуштите вашиот дом и да се преселите привремено (евакуирате) на друга локација, има неколку работи кои треба да се запомнат и да се направат.

Следете ги инструкциите и советите од надлежните државни и локални институции.

Ако сте инструирани да се евакуирате, сторете го тоа брзо. Ако сте инструирани да појдете на одредена локација, одете таму и не одете на ниедно друго место. Ако се наведени рутите за евакуација, користете ги тие рути, наместо да барате пократки патишта. Би ви помогнало ако претходно се запознаете со рутите пред да треба да патувате по нив. Ако ви е речено да ја затворите водата, електриката и греењето пред да заминете од дома, сторете го тоа. Во случај да ви се потребни вода или електрична енергија, побарајте информација од надлежните локални институции, од радио или ТВ станиците, каде има организирано сместување и храна во случај на итни потреби.

Добро затворете го вашиот дом пред заминување. Ако имате време и ако не сте добиле инструкции за итна евакуација, преземете ги следниве чекори пред да го напуштите домот:

- Внесете ги предметите од дворот внатре во куќата или зацврстете ги на местото каде што се наоѓаат. Ова се однесува на намештајот надвор од домот, кантите за ѓубре, градинарските и други алатки, како и сите други подвижни објекти кои би можеле да бидат однесени од надоаѓачките води;
- Исклучете ги сите електрични уреди или опрема која не може да се помести, но немојте да ги допирате ако сте наводенети или стоите во вода;
- Затворете ги сите прозорци и заклучете ги сите врати.





Патувајте внимателно. Ако одите пешки или ако го возите вашиот автомобил на друга локација, имајте го предвид следново:

- Тргнете што е можно порано за да избегнете да бидете заробени од поплавените патишта;
- Бидете сигурни дека имате доволно бензин во автомобилот;
- Следете ги препорачаните рути;
- Додека патувате, слушајте радио за да добиете допонителни информации и инструкции од локалните власти;
- Внимавајте на потопени или оштетени патишта, скршени канализациони цевки или цевки за довод на вода, налегнати или паднати кабли за довод на електрична енергија и паднати или нестабилни објекти;
- Обрнете внимание на подрачја кои реките или потоците можат ненадејно да ги потопат;
- Немојте да се обидувате да преминувате преку потоци или водени бари освен ако не сте сигурни дека водата нема да биде над вашите колена или над вашите автомобилски гуми. Понекогаш водата може да ги покрие мостовите или делови од патот. Ако одлучите дека е безбедно да преминете од другата страна на поплавениот пат или мост со вашето возило, ставете го во прва или втора брзина и возете пополека за да избегнете бранови преку кои водата би можела да влезе во моторот на вашето возило и да предизвика негово запирање. Исто така, запомнете дека кочниците можеби нема да работат како што се очекува откако тркалата на вашето возило биле под вода. Притиснете на кочниците неколку пати кога ќе стигнете на суво. Во случај на поплава, за транспортни потреби не би требало да употребувате мотори или други транспортни средства на две тркала ако треба да преминувате преку поплавени патишта.



По поплава

- Не употребувајте свежа вода ако дошла во контакт со водата од поплавата.
- Водата треба да се тестира дали е хемиски и бактериолошки исправна. Бунарите треба да се испумпаат и водата треба да се тестира пред пиење.
- Немојте да ги посетувате поплавените региони. Вашето присуство може да ги попречи напорите за спасување.
- Немојте да ракувате со електрична опрема приклучена на системот за довод на електрична енергија додека е водена. Електричната опрема треба да се провери и исуши пред повторно да се употребува.
- Употребувајте светло на батерии, а не светло кое се создава со согорување на запаливи течности за проверка на зградите. Внатре во нив може да има запаливи материјали.
- Пријавете ги прекинатите електрични линии или водоводни цевки на надлежните.
- Потопените соби и други простории во внатрешноста на домот треба да се истријат со топла вода и сапун. Особено внимание треба да се обрне на површините што доаѓаат во контакт со храна и каде што се чува храната – маси, полици, фрижидери, шпорети и слично. Истото се однесува и на местата каде што си играат децата. Потоа, сè треба да се исплакне со солуција од половина чаша белило (варикина) за алишта на секои четири литри вода.
- Исперете ги сите чаршави и облека во жешка вода и потоа исушете ги. Најдобро е да се исфрлат предметите што не можат да се исперат дома или на хемиско чистење, какви што се: постелите, намештајот со ткаенини и друго. Ако веќе мора да ги задржите таквите предмети, исушете ги на отворено на сонце и потоа поминете ги со средство за дезинфекција. Ќилимите треба да се исчистат со апарати на пареа или да се исфрлат.

Карактеристики на Р. Македонија и изложеност на ризици и опасности

Пожари

Правилата за безбедност од пожари се од особена важност во итни ситуации, но тие треба исто така да се спроведуваат секој ден за да се спречи настанување на пожар.

Најголем број смртни случаи од пожар се случуваат дома. Иако во Република Македонија сè уште не постои пракса за поставување аларми на пожар, кои детектираат присуство на чад по домовите, тие се евтина направа која се има покажано како ефикасна во спасување животи. Смртните случаи во домот се намалуваат драматично ако во него има аларм за пожар. Овој апарат треба да се постави што е поблиску до спалната соба. Исто така, корисно е да се постави аларм за пожар на секој спрат од домот во близина на скалите кај куќите со повеќе спратови. Алармите за пожар треба да се тестираат и одржуваат редовно. Секој член од семејството треба да знае што да прави при звукот на алармот. Малку потрошено време на избор на рутите за излез и вежбање што да се прави во случај на пожар, може да ви го спаси животот вам и на членовите на вашето семејство. Договорете место каде да се најдете надвор од домот за да бидете сигурни дека сите излегле од куќата безбедно.

Постапки за спречување на пожар

Правилата на здравиот разум за превенција на пожар се од особена важност во итни ситуации.

- Држете ги подрумите, плакарите и гаражите чисти. Не дозволувајте акумулација на ѓубре и на непотребни предмети;
- Немојте да ги преоптоварувате продолжителните кабли. Проверувајте дали се изгорени и избегнувајте да ги чувате под теписи. Продолжителните кабли за апаратите кои трошат големи количества електрична енергија треба да се со правилна должина и капацитет во согласност со потребите на апаратот;
- Запаливите течности држете ги во пакувања наменети за нив и надвор од домот, ако тоа е можно. Никогаш не употребувајте бензин, нафта или слично внатре во домовите зашто нивните испарувања можат да се запалат од било каква искра. Крпи намачкани со средства за чистење или со терпентин понекогаш сами се запалуваат и треба да се исфрлат веднаш после употреба. Никогаш немојте да пушите кога работите со запаливи течности;
- Проверете ги апаратите за греење. Пожарите во домот можат да се случат поради расипани печки или шпорети со напукнати или ’рѓосани делови или пак заради нечисти оџаци. Бидете сигурни дека апаратите за греење кои ги употребувате се чисти и во исправна состојба;

- Во последно време во Република Македонија, заради зголемената цена на електричната енергија и парното греење, луѓето сè повеќе се свртуваат кон алтернативни извори на греење како што се дрвата, јагленот и слично. Овие извори на топлинска енергија се склони кон предизвикување пожар. Затоа, секогаш треба да има доволно вентилација однадвор. Обезбедете доволно празен простор околу грејното тело и направете изолација на блиските ѕидови. Употребувајте гориво кое е наменето за вашиот апарат за греење. Пепелта отстранувајте ја во метален контејнер надвор и подалеку од куќата или зградата. Кога вашето грејно тело користи отворен оган, чувајте ги намештајот, завесите и другите запалливи предмети подалеку од него.
- Кога ќе инсталирате изолација, низ неа нека не поминуваат електрични жици;
- Задолжително треба да се знае каде се наоѓаат прекинувачите за електрична енергија за да можете да ги исклучите во случај на пожар.





Запомнете ги начините за гаснење пожар

Најпрвин изнесете ги запаливите течности. Одземете му го кислородот на огнот. Изладете го огнот со вода или апарати за гаснење пожар. Посебни видови на пожар бараат посебни техники на гаснење. Каков метод и да користите, спроведете го брзо.

Никогаш не употребувајте вода за гаснење на пожар кој е предизвикан од неисправни електрични инсталации. Употребувајте хемикалии наменети за оваа намена. Ако успеете да ја исклучите струјата, тогаш можете да употребувате вода или било што друго што ќе ви помогне да го изгаснете пожарот.

Пожари предизвикани од масло или мрсни материии можат да се угушат со белило за домаќинството или сол, или пак со фрлање прекривка врз пожарот, ако тој е во мало тенџере на шпоретот.

Малите пожари можат да се контролираат со вода или со апарати за гаснење пожар, но не се обидувајте да се справите со пожар што е надвор од контрола. Изнесете ги сите членови на семејството надвор и повикајте ја пожарникарската служба.

Екстремни временски услови

Ниски температури, снегови и мразеви

Големите снегови и студови можат да го запрат сообраќајот и да отежнат секаков вид на движење во погодениот регион. Дури и области во кои вообичаено нема големи снегови и мразеви, можат да бидат погодени од екстремно ниски температури дополнети со снежни наноси. Последиците можат да бидат: хаос во собраќајот, неможност на автомобилите и другите превозни средства да се движат заради високиот снег или лизгавите патишта, па се до отсеченост и изолација на села или области дополнети со недостиг од електрична енергија, неможност за редовно снабдување со основните животни продукти и блокирани патишта заради заглавените возила. За што и да станува збор, големите снегови и студови можат да доведат до загрозување на вашето здравје и живот и да предизвикаат други материјални штети.

Како и при сите останати временски непогоди, најважно е да се знае што може да се очекува, односно да се има информација за можното снежно невреме. Значи, медиумите можат многу да помогнат дури и ако за невремето се дознае само неколку часови однапред. Доколку вашиот регион, во минатото бил често изложуван на снежно невреме, во сезоната кога тоа се случува следете ги временските прогнози за да дознаете дали невремето доаѓа. Но, дури и доколку вашиот регион не е подложен на снегови и вејавици, тие можат да се случат безмалку на целата територија на Република Македонија.

Особено ако живеете во рурални подрачја треба да бидете подготвени извесен период, можеби и една недела да можете да опстанете самостојно, односно да имате доволно производи со разни намени кои ќе ве направат самодоволни, затоа што може да се случи да останете отсечени и да не можете да појдете до поголемо населено место во период од неколку дена додека патиштата се расчистат. Затоа би требало да имате доволно количество нафта или дрва за греење и да ги употребувате рационално. Кога станува збор за дрвата, семејствата се снабдуваат со нив за целата зимска сезона, но доколку се греете на нафта или пак користите плински боци за готвење, би требало да штедите зашто можеби ќе бидете отсечени од местото на набавка. Ако е неопходно, можете да престанете да греете една или две соби привремено.

Исто така, би требало да имате некој вид на апарат за греење и средства за греење за итни потреби, а ова се однесува особено доколку се греете на електрична енергија, која може да ја снема ако сте времено отсечени. Доколку немате искуство со апарати на греење на принцип на согорување на нафта или дрва, треба да бидете свесни дека на овие извори на топлина им е потребна вентилација за да се избегне натрупувањето на штетни гасови. Ако имате огниште, би требало да имате суви и исечени дрва при рака. Кога невремето ќе зафати, една од првите работи што треба да ги проверите е дали вашите дрва наменети за греење се добро заштитиени од влага и надвор од досегот на снегот.

Покрај ова, би требало да имате резерви на храна за итни потреби, вода и преносен апарат за готвење – на плин, на пример. На дел од храната за итни потреби од вашите резерви не би требало да и е потребно замрзнување. При рака би требало секогаш да имате и едноставни средства за гаснење пожар и тоа особено ако претходно немате искуство со апарати за греење кои работат на принципот на согорување. Тоа може да биде мал апарат за гаснење пожар, но и буре со земја или вода.

Начинот на облекување треба да биде соодветен на временските услови. Ова особено се однесува на студеното време и особено ако подолг период поминувате на отворено. Најдобар совет е да се облекувате во слоеви на удобна и не многу тешка облека, отколку еден слој дебела облека. Употребувајте капа за да ја заштитите главата и вратот и шал или шамија за заштита на лицето, устата и белите дробови од премногу студениот воздух.

Ако морате да патувате во зимски услови при екстремно студено време или во период на снегови, најдобро би било да употребувате средства за јавен транспорт. Автобусите и возовите имаат многу помалку шанси да откажат или да ве остават заглавени во снежното невреме. Ако сте принудени да го користите сопствениот автомобил, тогаш преземете ги следниве мерки:

- Бидете сигурни дека вашиот автомобил е во добра состојба и дека сите критични сегменти се проверени пред патувањето. Бидете сигурни дека имате средство против замрзнување. Законски сте обврзани да употребувате зимска опрема како што се синџири за гумите, а не е лошо и да имате специјализирани гуми за зимски услови;
- Ако е можно земете уште некого со вас. Придружникот може да биде од критична важност, ако автомобилот треба да се истурка од место каде што тркалата се вртат во место;
- Во секој случај, бидете сигурни барем некој ќе знае каде одите и кога отприлика треба да стигнете на вашата дестинација;
- Доколку имате мобилен телефон или друго средство за безжична комуникација задолжително понесете го со вас, а претходно проверете ја состојбата на батеријата
- Во вашиот автомобил би требало да имате производи токму за зимско невреме, какви што се мала лопата, чистач за снег и мраз, кабли за влечење, светилка на батерии и резервни батерии. Исто така, добро е да се имаат работни нараквици, тешки чевли или чизми, дополнителен пар волнени чорапи, водонепропуслива јакна со капа и две ќебиња, ако веќе сте приморани да ја поминете ноќта во автомобилот во екстремни ситуации;
- Ако тоа е можно, патувајте исклучиво дење и употребувајте ги магистралните и оние регионални патишта на кои има поголем сообраќај за да можете да добиете помош од другите возачи или за надлежните служби да можат полесно да стигнат до вас. Радиото во автомобилот вклучете го на онаа радио станица која редовно известува за временските услови и состојбата на патиштата;
- Возете внимателно. Немојте да се обидувате да заштедите време преку движење со зголемена брзина ако условите на патот и времето тоа не го дозволуваат;
- Немојте да бидете невнимателни и да преземате ризици. Ова се однесува особено на престигнувањето на возилата кои се пред вас – нешто што може да не биде можно при зимско невреме, иако искуството ви кажува дека тоа е лесно зашто сте го правеле и порано кога временските услови биле поинакви. Со ризично и невнимателно возење ги зголемувате можностите да останете заглавени во снегот, да се изгубите и да останете изолирани, да морате да се вратите назад или да барате помош. Ако сте зафатени во зимска виулица со снег и ветришта, веднаш побарајте засолниште;

- Ако вашиот автомобил се расипе заради невремето или ако се заглавите во длабок снег и не можете да продолжите, најважно е да не ве фаќа паника. Размислете за проблемот во кој се наоѓате и за вашата местоположба и одлучете што е најдобро да направите во зависност од околностите. Ако се наоѓате на пат на кој има многу други возила покажете дека сте во неволја. Вклучете ги сите светла или закачете ткаенина за радио-антената или за прозорецот. Останете во автомобилот и почекајте помошта да пристигне. Ако го држите вклучен моторот од возилото за да се стоплите, отворајте го прозорецот повремено за да обезбедите вентилација. Бидете сигурни дека ауспухот ви е чист и дека во него не е влезен снег зашто тоа може да го врати јаглерод моноксидот во патничката кабина. Не напуштајте го автомобилот за да побарате помош - може да се збуните во однос на правецот на движење или да се изгубите.

Секоја зима, многу непотребни смртни случаи или повреди се случуваат зашто луѓето – и стари и млади, непотребно го напрегнуваат организмот и тоа со зголемена физичка активност, повеќе отколку што телото може да издржи. Студеното време врши притисок врз работата на вашето срце. Ако на тоа додадете физичка активност и тоа таква на која не сте навикнати, како што е чистење снег или туркање автомобил, вие го зголемувате ризикот од срцев или мозочен удар. Во зима, избегнувајте физички напрегнувања. Се разбира, ова не значи дека не треба да го исчистите снегот пред вашата куќа или живеалиште. Напротив, тоа е ваша законска обрвска.

Високи температури и суши

За време на високи температури и суши постојано слушаме предупредувања од медиумите да останеме во затворени простории и да излегуваме на сонце што е можно помалку. И навистина ова е најдобар совет и треба да се практикува секогаш кога тоа е можно. Во држави во кои високите температури се вообичаени, животот е организиран на таков начин што најтоплите периоди од денот се оние во кои има најмалку физичка активност. Иако Македонија е богата со природни извори на вода и никогаш во историјата немала суши кои би го довеле во прашање снабдувањето на населението со вода за пиење или затворање на индустриски капацитети заради недостаток на вода за нивните потреби, сепак имаме суши кои влијаат на посевите заради недоволната инфраструктура за нивно вештачко наводнување. Кај извесни делови од популацијата, како што се постарите лица и децата, високите температури можат да предизвикаат сериозни болести (срцев удар кај постарите), па дури и смрт.

Високи температури

Жештината го убива организмот со тоа што го турка човековото тело надвор од неговите граници на подносливост. При нормални услови, интерниот термостат на човекот го упатува телото да се поти и со испарувањето на потта телото се лади. Но, во случаи на голама жега и висока влажност, испрарувањето на потта е забавено и телото мора да се напрега за да ја одржи нормалната температура.

Најголем број здравствени проблеми се појавуваат кога телото е премногу изложено на топлина за неговата возраст или физичка кондиција. Други болести можат да бидат предизвикани заради застоен воздух и негов лош квалитет кој со себе носи бактерии.

Високите температури можат да имаат сериозни последици врз заедниците. Од друга страна, при недостиг на врнежи и високи температури, потребата за вода се зголемува и може да предизвика недостиг или рестрикции во некои региони од земјата. За високите температури треба да се знае и следново:

- Луѓето што живеат во урбани средини се изложени на поголем ризик од ефектите на пролонгиран топлински бран во однос на луѓето што живеат во рурални области. Зголемените здравствени проблеми во урбаните региони можат да се случат кога топлиот воздух, кој не циркулира, во себе ќе ги зафати честичките од загадувачките материи во урбаните средини при што вака загадениот воздух станува дополнителен проблем покрај високите температури;
- Изгорениците можат значително да ја успорат способноста на кожата да се ослободува од вишокот топлина.

Кога станува збор за високите темпартури, како и за останатите природни непогоди, можете да преземете превентивни чекори пред нивното настапување, како и да стекнете одредени навики и однесувања кога високите температури ќе го зафатат вашето место на живеење.

Пред настапувањето на високите температури:

- Современа и се поприсутна пракса, со порастот на стандардот на граѓаните, е поставување на клима уреди во домовите. Во развиените земји има региони кои трошат многу повеќе електрична енергија во лето, отколку во зима, при што главните потрошувачи се токму клима-уредите;
- Покрај употребата на клима-уредите, или пак ако го немате овој уред, треба да сторите сè што можете да ја подобрите изолацијата на вашиот дом така што во летните месеци ладниот воздух да останува внатре, а жешкиот да остане надвор;
- Во западните земји пракса на некои семејства е да се постават привремени рефлектирачки материјали врз ролетните или прозорците, какви што се алуминиумските фолии, кои ја одбиваат светлината, а со тоа и топлината, која инаку би го нашла патот до просториите за дневен престој.

Постапки во текот на жешките периоди:

- Заштитете ги прозорците. На пример, ролетните и завесите можете да ги држите постојано затворени. Можете и однадвор да поставите разни ткаенини врз прозорците за да држат сенка, какви што се драперии или пак настрешници направени по мерка, кои би ги поставувале за да го спречат утринското или попладневното сонце. Ваквите помошни материјали заедно со затворените ролетни можат да придонесат жештината да се намали дури до 80 отсто во објектите со добра изолација;
- Останувајте во затворен простор што е можно повеќе. Доколку немате или не сакате премногу да го користите, дневниот престој преместете го на најдолниот кат од вашата куќа каде што температурите се најниски. Покрај тоа, доколку користите вентилатор наместо клима-уред, запомнете дека тој не лади, туку само го движи топлиот воздух наоколу и ефектите од неговото користење престануваат во моментот кога ќе со исклучите;
- Конзумирајте добро избалансирани лесни оброци и пијте значително зголемени количества вода редовно. Лицата кои имаат хронични болести кои им оневозможуваат да употребуваат зголемени количества вода (епилепсија, болести на срце, бубрези и црн дроб) најпрвин треба да се консултираат со доктор. Избегнувајте употреба на алкохол, па дури и пиво. Нивната употреба е слична како употребата на солена вода кај бродоломците кои се во вода. Иако на прв поглед, лесните алкохолни пијалоци ја задоволуваат жедта, тие всушност предизвикуваат зголемена дехидрација на телото;
- Облекувајте се во лесна и широко кроена облека, која ќе покрие што е можно поголем дел од вашата кожа. Носете лесна облека со светли бои кои не ја упиваат топлината и помагаат во одржувањето на нормалната телесна топлина. Покријте го лицето и главата со капа (најдобро плетена од слама), која барем напред има штитник за сенка, а најдобро е тој штитник да биде од сите страни (како кај каубојските шапки);
- Доколку е можно, овозможете му на вашето тело да се аклиматизира на високите температури пополека, односно во период од два до три дена, при што постепено ќе се изложувате на сонце. Во секој случај, избегнувајте да останувате предолго на сонце. Изгорената кожа има многу намалена способност да ја одбива топлината. Доколку морате да се задржувате на отворено подолг период во текот на денот, употребувајте средство за заштита и нега на кожата од таков вид и со таква моќ која одговара на вашиот тип на кожа. Лицата кои работат на отворено во периоди на екстремно високи температури можат да употребуваат и влажни шамии преку лицето;

- Избегнувајте драстични промени на температурата. Излегување на сонце директно од просторија може да предизвика топлотен шок. Обратно, студен туш по подолго присуство на жештина може да доведе до хипотермија кај постарите или кај малите деца;
- Намалете го ритамот на вашите секојдневни активности. Редуцирајте ги, елиминирајте ги, или барем намалете ги или одложете ги активностите кои бараат физички напор. Лицата кои се под висок ризик од здравствени последици заради високите температури треба постојано да бидат во постудени простории. Кога има високи температури на сите им се препорачува продолжен одмор особено во најжешките часови од денот за да му се овозможи на природниот телесен "систем за ладење" да се обнови и да може да функционира.

Невреме со грмотевици и поројни дождови

Во вообичаена година, во која нема кризи предизвикани од природни катастрофи какви што би биле големи земјотреси и нелокализирани поплави, односно поплави кои би опфатиле поголеми подрачја, (како на пример поплава на реката Вардар, која би опфатила повеќе региони по неговиот тек), во Република Македонија најмногу луѓе умираат од удар на гром.

Безбедност од грмови и молњи

Планирајте однапред и не ризикувајте каде ќе одите и каде ќе бидете ако наеднаш се појави невреме со громови и молњи. Ова особено се однесува ако одите во природа кога времето не е сончево и кога временската прогноза вели дека е можно облачно и врнежливо време. Во такви случаи, морате да бидете запознати со временската прогноза и да бидете подготвени да најдете засолниште пред невремето со громови да го зафати местото каде што се наоѓате.

Ако сте внатре во затворена просторија во случај на грмотевици

- Тргнете се од фиксниот телефон и искучете го од приклучокот на ѕидот. Телефонските жици можат да пренесуваат електрични атмосферски празнења;
- Исклучете ги сите електрични апарати од доводот за електрична енергија, а доколку гледате телевизија, телевизорот исклучете го веднаш. Сите електрични апарати кои се поврзани на мрежата за довод на електрична енергија можат да бидат предмет на електрични празнења од громови и да бидат оштетени, па дури и да предизвикаат струен удар кај членовите на вашето семејство доколку некој од нив е во нивна близина;
- Затворете ги чешмите во кујните, тоалетот и кадите. Можно е електричните празнења од грмотевици да пристигнат преку цевките за довод на вода;
- Затворете ги ролетните од прозорците и тргнете се настрана од нив;
- Како и при секое невреме, слушајте радио на батерија за да знаете што се случува.

Ако сте на отворено во случај на грмотевици:

- Ако сте во чамец или ако пливате, вратете се на копно, тргнете се од плажите и побарајте сигурно засолниште веднаш. Генерално земено, би требало да се тргнете подалеку од реки, езера и други водени површини зашто водата е одличен проводник на електрична енергија. Ако гром удри во ваша близина, електричната енергија произведена од него може да патува и по вода и по земја;
- Упатете се во засолниште од тврда градба, кое е обезбедено од сите страни, најидеално во некоја зграда. Добро изградена градба е најдобро место да се биде во случај на грмотевици. Избегнувајте засолнување под настрешници, излетнички места со клупи и дрвен покриви и слично;
- Ако во близина нема тврди градби, засолнете се во автомобил или автобус. Затворете ги прозорците. Гумите на автомобилот и пластичните ѓонови на чевлите ни обезбедуваат сигурност од громови. Иако автомобилите имаат метален покрив, вие сте безбедни доколку со делови од телото не допирате метал. Држете ги рацете во скут;
- Ако сте во шума, скријте се во дел со ниски дрвја. Никогаш немојте да застанувате под дрво кое е осамено и во чија близина нема други градби или други дрвја;
- Како последна шанса, доколку сте сосема на отворено, без никакви структури наоколу, спуштете се на пониско земјиште на отворено и клекнете. Тргнете се настрана од издигнати структури, телефонски бандери, кули и друго. Од друга страна, ако сте на ниско ниво, треба да бидете свесни дека ниското земјиште може многу брзо да се поплави ако регионот во кој се наоѓате е познат по поројни дождови и поплави. Клекнете на земја на петиците од нозете, спуштете ја главата меѓу нозе и ставете ги рацете врз ушите. Застанете така што ќе бидете најмала можна мета. Немојте да легнувате на земја со испружени раце и нозе зашто така вашето тело ќе биде поголема мета и поголеми се шансите тоа да дојде во контакт со влажната земја која е одличен проводник на електрична енергија.

Ако гром погоди некого:

- Веднаш повикајте помош. Јавете се на 194 ако се наоѓате на место каде што може да пристигне брза помош или на 195 во Центарот за управување со кризи. На 195 треба да пријавите и доколку гром оштети далновод, телефонски столб или било каков друг инфраструктурен објект. Во секој случај, на лице погодено од гром му е потребна медицинска помош што е можно побрзо;
- Првата помош е неопходна ако лицето погодено од гром престане да дише. Во тој случај треба да дадете вештачко дишење веднаш - вие или некое друго лице обучено за тоа. Истото треба да се направи веднаш ако на лицето погодено од гром престане да му работи срцето. Доколку лицето има пулс и дише, побарајте и погрижете се за други евентуални повреди;
- Особено внимание обрнете на изгорениците. Лицата повредени од гром често имаат изгорениции заради електричниот шок што го имаат претрпено. Погодувањето од гром може да предизвика оштетувања на нервниот систем, скршеници на коските или губење на видот или слухот;
- Ако има потреба за тоа, преместете го повреденото лице на сигурно место. Запомнете, лицата погодени од гром во себе не содржат електрично полнење и можете безбедно да им пријдете и да им помогнете без последици по вас.

Посебни совети во случај на поплави од поројни дождови кои настануваат ненадејно

Во некои подрачја, невообичаени поројни дождови можат да предизвикуваат поплави многу брзо. Малите потоци, исушените корита на реките, земјиште кое е на пониско ниво во однос на околното, може да се поплави многу брзо и да ги загрози луѓето, понекогаш и без предупредување или пред да бидете известени за таквата опасност. Во вакви случаи најдобро е да се информирате од постарите жители во вашата заедница или од вашите соседи, ако тие доживеале поплави од таков вид, дали и каде се случуваат во вашето соседство или општина за да знаете да ги избегнувате местата кои можат нагло да бидат поплавени.

За време на поројни дождови бидете свесни за ризиците од брзи поплави и бидете подготвени да се заштитите. Ако забележите можност или знаци дека ненадејна поплава може да се случи во вашата близина, веднаш преместете се на побезбедна локација и потоа известете ги локалните власти за опасноста, така што и останатите луѓе кои се во слична опасност ќе бидат информирани.

Во периоди на големи и поројни дождови:

- Останете настрана од природните корита на потоците и другите испусни канали и одводи за време и по врнежите. Водата тече од повисоко на пониско ниво многу брзо, предизвикувајќи природен систем на испуст кој може да поплави сè пред себе, истовремено носејќи смртоносен товар од камења, кал, трупци и друг отпад;
- Употребувајте карти. Дознајте каде сте и дали сте на ниско земјиште. Качете се на што повисоко и тоа што побрзо. Многу патишта и патеки се изградени паралелно со водни корита и можат да бидат потопени за време на поплава;
- Останете настрана од поплавените подрачја. Нивото на водата може да продолжи да расте и струите можат да бидат брзи. Никогаш не обидувајте се да преминете поток или река ако нивото на водата е над вашите колена;
- Напуштете ги возилата кои се заглавени во вода, ако тоа можете да го сторите безбедно. Водите можат да надојдат уште повеќе и да го однесат возилото заедно со лицата што се внатре во него.

Ако сте зафатени во вода, обидете се да држите вклучена рачна светилка за полесно да бидете забележан за да можете да добиете помош. За да останете над површината на водата држете се на отпадот кој плива над водата како што се гранките на пример. Како последна можност врзете ги ракавите на кошулите или ногавиците на пантолоните за да зафатите воздух во нив и за да ви послужат како појас за спасување.

Постојат акции и постапки што можете да ги преземете и кои ќе ви помогнат да се справите со скоро секаков вид на несреќи и кризи од поголеми размери. Да се знае што треба да се направи е вашата најдобра заштита, а истовремено и ваша лична обврска и одговорност.

Веројатно најосновното нешто што треба да се запомни е да се биде смирен. Ова може да претставува разлика меѓу животот и смртта. Во кризни ситуации, луѓето често го губат животот или се повредувани зашто делувале неосмислено или не сториле ништо.

Во време на криза, преземањето на вистинските активности може да ви го спаси животот. Најпрвин размислете, а потоа преземете ги потребните акции. Вообичаено, ова ќе биде некоја постапка која веќе однапред ја имате испланирано или постапка за која сте биле инструирани да ја преземете од страна на надлежните служби.

Кога и да зафати некое силно невреме или да се закани некој друг потенцијален ризик, држете го вклучено вашето радио на батерии кое дава временски извештаи и прогнози, како и други информации и совети кои потекнуваат од страна на надлежните служби.

Употребувајте го вашиот телефон само за да ја известите полицијата за важни и итни настани, како на пример, пожари, поројни поплави во вашиот видокруг и друго. Не останувајте предолго на телефон зашто можете да ги оптоварите телефонските линии и со тоа да спречите вршење на итни повици од страна на вашите сограѓани.

Познавањето на прва помош и итна медицинска грижа може да спаси животи и да ја намали болката кај повредените. И возрасните и тинејџерите можат да се здобијат со овие важни вештини со земање на курсеви за прва помош и специјализирани курсеви.

Искуствата од анализите на големите несреќи и катастрофи од различни непогоди низ светот, укажуваат на фактот дека најголем број спасувачки активности се преземени и успешно извршени од страна на граѓаните, а потоа од специјализираните служби.

Во случај на пожар или други кризни ситуации, можеби ќе биде неопходно да го напуштите вашиот дом – куќа, стан и слично и тоа без претходно предупредување. По правило, во таква ситуација би требало да го напуштите вашиот дом веднаш.

Испланирајте го заминувањето со тоа што ќе нацртате план на вашето живеалиште, кој ќе ја покаже локацијата на вратите, прозорците, скалите и големите парчиња намештај. Во ваков случај лифтовите, доколку ги има во објектот каде што престојувате, не ви се од помош. Напротив, доколку ги употребувате може воопшто и да не успеете да излезете надвор, затоа немојте. На цртежот истакнете ја локацијата на претходно подготвените итни производи кои ке ви бидат потребни, апаратите за гаснење пожар, детекторите за чад, доколку вашиот објект ги поседува, помошните скали, вентилите и копчињата за исклучување на струјата, водата и грејните тела. Потоа, исцртајте линија за излез од секоја соба. Доколку во вашиот објект има повеќе излези, исцртајте повеќе линии за излез и тоа од секоја соба. Конечно, обележете го местото каде што вашето семејство и соседи, доколку живеете во зграда, ќе се најдат кога евакуацијата ќе биде завршена. Исцртајте ги и важните точки и објекти надвор од објектот во кој живеете, како што се гаражите, другите придружни објекти, надворешните скали, тремови, пристапни патишта и слично. Ако објектот во кој живеете има повеќе спратови, направете цртежи за итен излез од секој спрат од вашиот дом. Обновете го знаењето за начините и патиштата за евакуација барем еднаш до двапати годишно.

Информирајте се за тоа како и од каде се исклучуваат електричната енергија, водата и евентуалниот довод на природен гас во вашето домаќинство. Иако најголем дел од граѓаните на Македонија сè уште немаат довод на природен гас за готвење во своите домови, гасификацијата во Република Македонија сериозно се најавува и таа може да стане реалност за неколку години. За овие намени чувајте ги при рака потребните алати и клешти.

Важните документи (како, на пример, документите за движен и недвижен имот, за стока, документите за осигурување, изводите од матичните книги на родени за целото семејство, листи и фотографии на имотот и важните предмети кои се во ваша сопственост и слично) и скапоцените најдобро е да се чуваат на едно место во домот, за во случај на итна евакуација да можат веднаш да се изнесат.

Граѓаните на Република Македонија имаат точно утврдени права и обврски во остварувањето на заштитата и спасувањето. Овие обврски произлегуваат токму од Законот за заштита и спасување и треба да се земат со сета сериозност зашто со себе повлекуваат и казнени мерки од финансиска природа.

Овде ќе се задржиме на правата и обврските на граѓаните како индивидуи. Но, покрај овие права и обврски, законот предвидува и уште редица други обврзувачки мерки и активности кои се однесуваат на скоро сите видови институции во земјата така што, покрај овие, граѓаните во случај на потреба имаат обврски во областа на заштитата и спасувањето и на работното место. Сите вработени граѓани на Македонија имаат права и обврски од областа на заштитата и спасувањето во согласност со природата на нивната работа, во зависност дали се вработени во државни или јавни институции, во трговски друштва или во невладини организации. За овие права и обврски граѓаните ќе добијат задолженија на работното место, но сите оние граѓани кои имаат раководни позиции и тоа особено во трговските друштва и невладините организации, треба да бидат свесни за овие обврски и да се информираат од Законот за заштита и спасување како би можеле да направат планови за спроведување на овие активности.

Но, граѓаните на Република Македонија имаат три вида на права и обврски во однос на заштитата и спасувањето:

а. да учествуваат во заштитата и спасувањето;
б. да извршуваат материјална обврска;
в. да се оспособуваат и подготвуваат за самозаштита.

Должност за учество во силите за заштита и спасување имаат работоспособните граѓани на возраст од 18 до 55 години за мажи или 50 години за жени. Од оваа обврска се ослободени бремените жени, мајките и самохраните родители и старатели кои имаат или се грижат за едно дете на возраст до седум години или две или повеќе деца на возраст до 10 години.

Како граѓани на Република Македонија сите сме должни да се јавиме на поканите за учество во заштитата и спасувањето доставени до нас од надлежен орган. Начинот и времетраењето на ангажирањето на граѓаните на оваа должност се пропишува со уредба на Владата на Република Македонија.

Граѓаните на Република Македонија имаат право и должност да се оспособуваат и подготвуваат за лична и заемна заштита како и да спроведуваат пропишани мерки за заштита и спасување. Оваа должност за оспособување на граѓаните се врши преку организирани форми на оспособување.

Во случај на веројатност од настанување на поголема несреќа која може да предизвика криза, заради превенција и избегнување поголеми последици, пред сè за животот на граѓаните, од страна на надлежните институции може да се нареди примена на мерката на евакуација. Евакуацијата претставува планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните и културните добра на Републиката од загрозените во релативно побезбедните простори. Таа се врши доколку со други мерки не е можно да се спречат ефектите од природните непогоди или епидемиите кај луѓето, животните и растенијата, но и другите несреќи, а и доколку со неизвршувањето на евакуацијата на загрозениот простор се очекуваат големи загуби. Населението на подрачјето на кое е наредена евакуација мора да се пресели во друга општина на одреденото место и во одреденото време. Евакуацијата како мерка на заштитата и спасување е пропишана со Законот за заштита и спасување.

Покрај оваа мерка Системот за заштита и спасување во Република Македонија, во услови на криза и кризна состојба продолжува да ги применува и останатите мерки, како што се: засолнување и згрижување на загрозено и настрадано население; заштита и спасување од урнатини, пожари, поплави и неексплодирани средства; прва медицинска помош; заштита на животните и растенијата и асанација на теренот.

Кризна ситуација од било каков вид може да се испречи пред вашето нормално снабдување со храна, вода, топлинска енергија и другите секојдневни потреби. Чувајте извесно количество од итни резерви при рака, количество кое ќе биде доволно да ги исполни вашите потреби во времетраење од една недела.

Ако останете дома за време на кризата, овие резерви би можеле да ви помогнат да го преживеете кризниот период без тешкотии. Ако морате да се евакуирате од дома и привремено да се преместите на друга локација, вашите резерви за итни ситуации би можеле да ги земете со вас. Дури и ако се преместите во привремено засолниште, ваквите резерви можат да го редуцираат товарот на престојот во засолниште или скривница и да го направат полесен.

Некои производи, кои вообичаено лесно се набавуваат, можат да станат недостапни во период на криза.

Овие **основни итни** резерви би требало да содржат:

- Радио приемник на батерии и рачна светилка со дополнителни комплети батерии за секој од овие два уреди;
- Вода за пиење во сисинја – околу 4 литра дневно по човек и барем тродневна резерва за секој член на семејството, како и што е можно повеќе течности за пиење (овошни и зеленчукови сокови, други безалкохолни пијалоци и слично) и тоа во такво пакување кое може лесно да се транспортира;
- Конзервирани и запечатени пакувања храна на кои не им е потребен фрижидер и приготвување, како и отворач за конзерви;
- Ќебе или вреќа за спиење за секој член од семејството;
- Чекан, клешти и клучеви за одвртување;
- Џебен нож;
- Апарат за гаснење пожар;
- Сапун и крпи;
- Средство за перење алишта во домаќинството;
- Дополнителен комплет клучеви за автомобил, кредитна картичка, готовина;
- Комплет за прва медицинска помош со упатство;

- Лекови за кои не се потребни рецепти, лесно средство против болки и антисептици;
- Лекови кои редовно ги употребуваат членовите на семејството и кои се потребни во секое време, како и чија употреба не може да се прекинува, какви што се инсулинот, таблети за срце, диетална храна, бебешка и детска храна. Овие производи не треба да бидат складирани долго време пред нивната употреба, туку треба да се додадат во последен момент.

Идеално, би требало да се имаат два комплета и секој од нив да се чува во водонепропусни кутии или контејнери. Едниот комплет би требало да се чува во шпајзот или во визбата или пак во близина на влезната врата од домот. Другиот комплет би можел да биде во багажникот на автомобилот.

Дополнителни залихи

Останати предмети кои би можеле да бидат од голема помош:



- Пластични кеси (мали и големи);
- Сол
- Хатриени или пластични чаши
- Сода бикарбона
- Лажици
- Кибрити и запалки
- Самолеплива лента
- Игла и конец
- Влажни шамивчиња
- Лосион за раце
- Пелени за една употреба
- Аптекарски памук и памучни топчиња
- Завои
- Други производи или резерви специфични за вашето семејство

Вашата прва грижа по завршувањето на кризата е безбедноста на вашето семејство, пријатели и соседи. Ако е можно, обезбедете лекарска грижа за лицата со сериозни повреди. Лицата со отворени рани или длабоки исекотини треба да примат вакцина против тетанус ако не примиле пред повеќе од пет години.

Ако професионална медицинска помош не е веднаш достапна, лицата со познавања од прва помош можат да помогнат во спасувањето на животите или во намалување на болката. Немојте да се обидувате да ги поместувате лицата со сериозни повреди, освен ако истите не се во опасност од дополнителни повреди.

Бидете особено внимателни при влегувањето или вршењето поправки во згради кои се оштетени или ослабени од кризата – тие можат да се срушат без предупредување. Покрај тоа, можно е да има и краток спој во електричните апарати и инсталации.

Препорачливо е да се стават високи чевли или чизми за да се избегнат повреди од стакло и други остри предмети.

Ако немате извор на топлина ставете неколку слоеви облека. Огниште или грејно тело на дрва или јаглен можат да се употребуваат за топлина. Огништата треба да се проверат да не се оштетени или да нема прекин во одводот за чад во оџакот. Ваквите оштетувања би можеле да предизвикаат пожар.

Ако имате сомневања во однос на оштетувања на електриката (изгорени жици, искри или жешка изолација), исклучете го доводот на електрична енергија од главниот приклучок. Ако било кој од вашите електрични апарати е воден, исклучете го главниот прекинувач, потоа исклучете го наводенетиот електричен апарат, исушете го и избришете го со сува крпа, повторно приклучете го на електричната мрежа и вклучете го главниот прекинувач. Ако прегорат или се исклучат осигурачите, повторно исклучете го главниот прекинувач во вашето живеалиште и извршете проверка дали некаде има краток спој во жиците, електричните апарати и опрема. (Внимание: Немојте да преземате ниедна од овие активности ако сте наводенети или ако стоите во вода).

Немојте да ги допирате електричните жици кои се потопени во вода или објекти кои се во допир со потопени електрични жици.

Ако се пронајдени места од каде што капе или протекува вода исклучете ја водата од главниот вентил. Водата за итни потреби може да се добие од цистерните за вода кои локалните власти треба да ги обезбедат во кризни подрачја.

Вашата храна предвидена за употреба во случај на криза најпрвин треба да се провери пред да се користи. Храната која е неопходно да се чува во фрижидер може да е расипана ако стоела надвор подолго време. Храната која дошла во допир со водата од поплава не треба да се јаде.

Кризните ситуации можат да ги оштетат јавните системи за водоснабдување што резултира со контаминирана вода. После поплава, сета вода треба да се смета како небезбедна за употреба. Следете ги соопштенијата за јавноста кои се однесуваат на јавниот систем за водоснабдување во вашата општина. Ако морате да употребувате вода од чешма, сварете ја и оставете ја да врие најмалку три минути. Ако не можете да ја сварите, додадете пет капки од белило за домаќинсто на секои четири литри вода. Мешајте темелно и оставете ја во мирување триесет минути. Само онаа вода која изгледа чисто и нема никаков мирис, може да биде третирана на ваков начин. Сепак, за да бидете сигурни, пијте вода од сисиња, сокови или вода која претходно била во фрижидер.

Задолжително следете ги упатствата на локалните власти во однос на употребата на храната и водата.

Ако е неопходно, побарајте храна, облека и медицинска помош во канцелариите на Црвениот Крст или од локалните власти. Ормарите и креденците отворајте ги внимателно.

Немојте да одите во областите погодени од криза. Вашето разгледување на теренот може да ги попречи активностите за давање прва помош и спасување, а истовремено може да биде и опасно.

Немојте да возите во регион погоден од криза, а ако возите правете го тоа внимателно. Внимавајте на ризиците по вас и по другите и известе ги за нив надлежните служби и локалните власти.

Немојте да ширите непроверени гласини и извештаи за претерана штета или разрушување.

Следете ги советите на локалните власти за тоа како да си помогнете себеси и на вашата заедница за побрзо да закрепнете од кризата. Бидете спремни и да се евакуирате ако е неопходно.

Известете ги вашите најблиски и останатите роднини по завршувањето на кризата за да знаат дека сте безбедни. Надлежните служби можеби ќе изгубат скапоцено време да ве лоцираат вас и вашето семејство и тоа особено ако сте извршиле евакуација. Сепак, не ги закрчувајте телефонските линии кои се потребни за официјални итни повици.

Лична хигиена и општа чистота

По завршувањето на кризата може да биде тешко да се одржува хигиената и чистотата.

Со цел да спречите ширење на инфекции, секогаш мијте ги рацете со многу сапун и вода пред да почнете да ја допирате и приготвувате храната. Бидете сигурни дека и децата го прават истото. Употребувајте пластични или гумени ракавици ако имате било каква сеченица, изгореница или инфекција на рацете.

- Измијте ги рацете, работните површини и тенџерињата во топла насапунета вода после секој чекор од подготовката на храната. Не ставајте зготвено месо на исто место каде што стоело сировото месо;
- Чувајте ги чисти ткаенините и крпите за бришење на чиниите. Бактериите можат да останат во крпите или ткаенините, па затоа перете ги често;
- Мијте ги чиниите и кујнскиот прибор само во вода што е безбедна за пиење. Водата која е несигурна сварете ја и оставете ја да врие барем три минути;
- Употребувајте прибор за јадење за една употреба ако има недостиг од вода.

Болести

Во кризни состојби можат да се случат епидемии. Во случај на болест, за симптомите информирајте доктор или медицинска сестра. Лицата кои имаат дијареа или повраќање, како и оние кои ќе добијат зголемена телесна температура, болки во грлото, кашлица или други симптоми, треба за тоа да информираат доктор или друго медицинско лице. Ова е особено важно доколку лицата со вакви симптоми се привремено сместени во заеднички прифатни центри. Болните лица не треба да учествуваат во приготвувањето на храната.

Со оглед на тоа што децата понекогаш имаат цревни инфекции без да покажат симптоми, а потоа често имаат неадекватна хигиена, возрасните секогаш треба да проверат дали децата (и тоа особено малите деца) ги измиле рацете по употреба на тоалетот. Ова го намалува ризикот од пренесување на болестите. Употребените пелени ставете ги во пластична кеса или друг вид на затворена кутија.

Расипана храна наспроти труење со храна

Важно е да се знае дека организмите што предизвикуваат расипување на храната се различни од оние што предизвикуваат труење со храна и болести. Ако изгледот, мирисот или вкусот на храната е различен од вообичаениот, таквата храна треба да се фрли. За жал, бактериите што предизвикуваат болести со симптоми на повраќање, стомачни болки, дијареа и понекогаш треска, не се лесно воочливи. Овие организми што ја прават храната неупотреблива ретко влијаат врз мирисот, вкусот или изгледот што би покажало дека храната не е безбедна за употреба. Следењето на овие едноставни правила би требало да помогне во спречувањето на болести предизвикани од прехрамбени продукти:

- Варете ја храната темелно и тоа особено месните производи. Најдобро би било ако можете да употребите термометар за одредување на температурата на месото при неговото приготвување, кој ќе го ставите во најдебелиот дел од месото што се готви. Месото треба да се приготвува на температура од 200 степени целзиусови;
- Остатоците од ручекот треба да се стават во фрижидер веднаш по завршувањето на оброкот. Ако имате големи количества на храна за ладење (повеќе од половина или цел килограм или повеќе од два литра течност), поделете ја храната во неколку плитки пластични кутии за да се излади побрзо. Ова го спречува размножувањето на бактериите во топлата храна;

- Немојте да ја одмрзнувате замрзнатата храна на собна температура. Или одмрзнувајте ја во фрижидер или на место со ниска температура, или пак гответе ја смрзната;
- Употребувајте само пастеризирано млеко;
- Пред да почнете да ја приготвувате храната, измијте ги рацете темелно и тоа особено ако треба да допирате сирово месо;
- Не оставајте храна со висока протеинска вредност (сирова или зготвена) да стои на собна температура. Или стоплете ја, или ставете ја во фрижидер.

Преглед на конзервирани продукти

Внимателно прегледајте ги конзервите што биле потопени во вода од поплава, биле замрзнати, биле во пожар или конзерви што се свиткани на некое место. Некои конзерви можат да бидат добри за употреба откако ќе се измијат, а некои не. Следете ги следниве правила:

- Шишињата и другите контејнери за храна (како теглите, на пример) со тапи или затворачи што се отвораат на вртење, се многу тешки за чистење околу отворот откако биле потопени во вода или се нашле во пожар. Ако имало драстични промени во температурата можно е контаминирачките бактерии и друго да се вшмукани во таквите контејнери. Затоа фрлете ги;
- Металните конзерви се безбедни за употреба ако изгледаат неоштетено. Измијте ги во вода со белило (четврт чаша на секои 4 литри вода) неколку минути и потоа исушете ги за да спречите ‘рѓосување;
- Ако на конзервите има ‘рѓа која не може да се отстрани со мека крпа, корозијата можеби дозволила контаминирачките материи да влезат во конзервата преку мали дупчиња на ѕидовите од конзервата. Ваквите конзерви треба да се фрлат;
- Конзервите со набрекната горна страна или оние кај кои кога ќе се притиснат, горната површина слободно оди нагоре надолу, треба веднаш да се фрлат. Тоа најчесто значи дека бактериите се веќе внатре и дека произведуваат гасови заради кои конзервата набрекнува, а ако горниот дел е лабав и оди нагоре надолу на притискање, тоа значи дека внатре влегол воздух и заедно со него повторно контаминирачки материи. Немојте да пробувате храна од вакви конзерви и фрлете ги веднаш;
- Ако конзервата е свиткана, изгребана или оштетена, прегледајте ја да видите дали е безбедна за јадење. Ако оштетувањето е значително или гребаницата длабока, таквата конзерва фрлете ја.

Ако замрзнувачот е неупотреблив:

Кога електричната енергија е исклучена, наполнет замрзнувач за храна ќе ја одржува храната смрзната во период од два дена ако вратата остане затворена. Замрзнувач наполнет до половина ќе ја одржува храната замрзната еден ден. Што да направите ако струјата не дојде во рок од два дена?

- Држете ја вратата на замрзнувачот затворена;
- Поделете ја храната во замрзнувачите на пријателите ако тие имаат електрична енергија;
- Ако не сте сигурни колкав период е исклучена стријата, исфрлете ја сета храна која мириса лошо, има невообичаена боја или е на собна температура;
- Ако храната е студена при допир, може да биде приготвена веднаш или повторно замрзната.

Ако фрижидерот е неупотреблив:

Кога електричната енергија ќе се прекине, можете да очекувате дека храната внатре ќе остане студена 4 до 6 часови во зависност од надворешната температура.

- Високопротеинската храна (месо, млеко, сирење и слично) треба да се конзумира што е можно побрзо ако струјата не се врати веднаш. Ваквите продукти не можат безбедно да се чуваат на собна температура;
- Овошјето и зеленчукот може да се чува на собна температура сè додека не почне да покажува знаци на расипување. Ваквата храна трае подолго со добра вентилација во собата. Ако струјата не се врати, брзо извадете ги од фрижидерот.

Чистење

Ако штетите на имотот се големи, може да се употребува тешка механизација какви што се булдожерите и друго. Во ваков случај треба јасно да се означат подземните инсталации, како бунари или канализациски системи за да не бидат оштетени од машините.

За време на чистењето важно е да се носи заштитна облека. Чизми, гумени ракавици, облека со долги ракави која помага да се намали контактот со контаминираните предмети. Внимавајте да не згазите на шајки или други предмети што штрчат од земјата.



Сегашните односи меѓу мажите и жените, кога станува збор за намалувањето на ризиците од кризи, се базираат, пред се, врз улогите и одговорностите кои мажите и жените ги имаат во општеството. Овие улоги резултираат со различни идентитети, социјални одговорности, ставови и очекувања. Таквите разлики се во голема мера нефер кон жените и водат кон нееднаквост на половите низ целиот социоекономски развој, вклучувајќи ги и разликите во ранливоста кога станува збор за кризите. Во суштина, ограниченият пристап до информации и сознанија на жените за кризата, бездруго води кон зголемување на ранливоста во случај на кризи и ризици, како за нив, така и за нивните фамилии.

Додека ранливоста на жените во кризни ситуации често се истакнува, нивната улога во давање помош и активно учество во надминување и справување со кризите, не е доволно призната. Жените се во голема мера маргинализирани во развојот на политиките за справување со намалувањето на ризиците од кризи, како и од процесите на донесување одлуки, така што нивните гласови остануваат неслушнати.

Во современата стручна литература веќе има силни докази дека кога жените се активно вклучени во намалувањето на ризиците од несреќи и градењето политики за оваа проблематика, и мажите и жените имаат придобивки од ваквиот пристап, а со тоа и целите заедници, па и државите. Мажите и жените на различен начин ги доживуваат, сфаќаат и идентификуваат ризиците од кризи. Сите можат да бидат изложени на ризици на различен начин, но мажите и жените имаат различни нивоа на ранливост, различни начини на пристап до расположливите ресурси и заради тоа имаат развиено различни вештини за справување со кризи.

Неодамнешна студија, која има анализирано кризи во 141 земја откри дека жените почесто се жртви со терминални последици од мажите во кризни состојби какви што се природните катастрофи и дека тој диспаритет е поврзан во најголема мера со нееднаквиот социоекономски статус на жената во општеството. Онаму каде што социоекономскиот статус на двата пола е сличен, тогаш смртноста кај половите е во приближно исти пропорции.

Сознанија за зајакнување на улогата на жената во кризни ситуации

Жените и заедниците изнаоѓаат решенија кои повеќе одговараат на локалните услови кога ќе им биде даден пристап до ресурси во подолг временски период. Решенијата до кои доаѓаат жените се поинтегрирани и земаат предвид повеќе околности и сегменти од животот во семејството и заедницата (тие се грижат, покрај за намалување на ризиците и за заштитата на средината, за зачувување на културното богатство, намалување на сиромаштијата и подобрување на основните животни стандарди).

Второ сознание е дека жените се природни, но донекаде и невидливи отстранувачи на последиците од кризи. Ова е заради нивната улога која ја играат во заедниците и која е поврзата со здравјето, образованието и грижата за децата, како и нивните активности надвор од домот. Во секој случај, нивните улоги треба да бидат одбележани, признати и да им се допушти пристап до неопходните ресурси.

Следно сознание е дека намалувањето на ризиците, обновата и издржливоста се можности за поддршка и легитимизација на работата на жените, како и за промовирање на поактивни улоги на жените и тоа и во јавната сфера и во владините структури.

Жените треба да бидат активно вклучени во сите фази на посткризното делување и донесување одлуки. Исклучиво половиот пристап кон потребите на жените во кризна состојба не може да се третира одвоено од останатите сектори какви што се здравјето, засолништето, правните потреби, образовните, живеачката и друго. Вклучувањето на жените и младината во правењето на планови за намалување на ризиците од кризи, како и во справувањето со кризни состојби што е можно порано им има помогнато на заедниците да развијат подобро разбирање за потребите на жените и децата и да преземат чекори во пресретнување на овие потреби.

Од сето ова произлегува дека жените треба да бидат консултирани при планирањето на интерневциите за обнова на заедниците и пошироко. Ова може да се отстрани со вклучување на жените во тимовите кои донесуваат одлуки за справување со кризите, што истовремено помага и во разбирањето на локалните обичаи.

Додека ранливоста на жените во кризни ситуации често се истакнува, нивната улога во давање помош и активно учество во надминување и справување со кризите, не е доволно призната. Жените се во голема мера маргинализирани во развојот на политиките за справување со намалувањето на ризиците од несреќи, како и од процесите на донесување одлуки, така што нивните гласови остануваат тивки.

Во современата стручна литература веќе има силни докази дека кога жените се активно вклучени во намалувањето на ризиците од несреќи и градењето политики за оваа проблематика, и мажите и жените имаат придобивки од ваквиот пристап, а со тоа и целите заедници, па и државите.

Мажите и жените на различен начин ги доживуваат, сфаќаат и идентификуваат ризиците од несреќи. Сите можат да бидат изложени на ризици на различен начин, но мажите и жените имаат различни нивоа на ранливост, различни начини на пристап до расположливите ресурси и заради тоа имаат развиено различни вештини за справување со кризи.

Агенда од 8 точки на Програмата за развој на Обединетите нации – УНДП[1]

Основна цел на Агендата од 8 точки на УНДП за еманципирање на жените и родова еднаквост во заштита и справување со кризи е детален пристап кој ќе одговори на потребите на жените за време на криза и во текот на справување со последиците. Ова е многу практична алатка која ги приоретизира потребите на жените и ја промовира родовата еднаквост.

Целосно разбирање на разликите и капацитетите на жените и мажите, девојчињата и момчињата е неопходно не само за рано опоравување од кризи и одржлив развој, туку е и важна алатка за спречување на појава на кризи. Агендата од 8 точки е донесена во ноември 2006 година и најважните принципи се следниве:

1. Зајакнување на безбедноста на жените за време на криза
2. Напредок во родовата правда: обезбедување на правда и безбедност на жените
3. Проширување на учеството на жените во граѓанските активности, учеството и лидерството
4. Градење на мир со и за жените: инволвирање на жените во мировните процеси
5. Промовирање на родовата еднаквост во намалувањето на ризиците од несреќи: валоризирање на знаењето и искуството на жените

Уникатните потреби на жените потребно е да бидат вклучени во анализите на ризиците од несреќи и проценете по несреќите. Неопходно е да се преземат чекори за заштита на зголемената ранливост на жените и девојчињата.

Вклучување на родовата анализа во проценатa на ризиците и опасностите од несреќи и катастрофи. Неопходно е да се обрне внимание на посебните потреби на жените и да се вреднува нивното знаење во политиките, плановите и програмите за намалување на ризиците и опасностите од несреќи и катастрофи.

6. Обезбедување на родово прифатлив процес на опоравување: поддршка на жените и
7. мажите за повторна изградба.
8. Трансформација на владеењето преку вклучување на жените во националната агенда
9. Развој на капацитети за социјална промена

[1] http://www.undp.org/cpr/we_do/8_pa.shtml

Преземање чекори за вклучување на жените во справувањето со кризи во Република Македонија

Успешната имплементација на Хјого рамката за дејствување бара целосно, активно и балансирано вклучување и на мажите и на жените, девојчињата и момчињата. Долг период родовите прашања не беа земени предвид најмногу поради слабото разбирање на родовата ранливост и изложеност на ризиците од природните несреќи. Поради тоа потребно е да се преземат сериозни активности со цел да се промовира родовата компонента во намалувањето од природни несреќи и катастрофи[2].

За таа цел, Центарот за управување со кризи и Програмата за развој на Обединетите нации – УНДП во периодот 2008 – 2009 година го имплементираа проектот Зајакнување на капацитетите на Центарот за управување со кризи. Преку овој проект за прв пат стана збор за вклучувањето на родовите прашања и практики во управувањето со кризи. Со проектот беа постигнати следниве резултати: развој на софтверска апликација и база на податоци за родови прашања и електронски систем за учење со Прирачник за вклучување на родовите практики во управувањето со кризи, воспоставување на тим за родови прашања во рамките на самата институција, како и подигнување на јавната свест за родовите прашања и практики преку одржување на работилници. Дополнително беше изготвен и родово определен предлог-план за управување со кризи.

Во рамките на воспоставената Национална платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи родовиот аспект целосно е земен предвид и при тоа е формирана тематска работна група за родови прашања во контекст на несреќи и катастрофи (http://cuk.gov.mk/images/stories/Platforma_MKD.pdf). Ова е силен институционален поттик за понатамошно градење на родовите капацитети во системот за управување со кризи.

Генерална препорака е да се предвидат и поддржат институционалните решенија и активности кои го имаат предвид и го содржат родовиот елемент во себе. Во рамките на институциите и заедниците е потребно вклучување на експерти за родови прашања кој ќе може да учествува во програмирањето и планирањето на активностите, како и во донесувањето на одлуки. Исто така е неопходно да се воведат практиките на родово буџетирање при што минимум 15% од годишните буџети ќе бидат наменети за родовите прашања и практики.

[2] Gender Perspective: Working Together for Disaster Risk Reduction Good Practices and Lessons Learned Geneva, June 2007,page III

На локално ниво, за правилно истакнување на улогата на жените во случај на кризи и за креирање на политики кои во себе ќе ги содржат и родовите димензии, потребно е општините да подготвуваат родово систематизирани информации, како и информации за вклученоста и улогата на жените на локално ниво. Од друга страна, пак, дистрибуираните информациите во случај на криза би требало исто така да содржат и информации и планови во кои се вметнати навиките на локалното население за тие да можат да се искористат или да не станат пречка при планирањето на справување со кризи или при конкретното справување со нив.

Прилог 1

Просторна поставеност и граници на Регионалните центри за управување со кризи во Р. Македонија



Прилог 2

Просторна поставеност и граници на Главните регионалните центри за управување со кризи во Р. Македонија



Прилог 3

Преглед 1: Адреси и телефони за контакт во сите 35 Регионални центри за управување со кризи во Република Македонија

Ред. бр.	Назив на Регионалниот Центар за управување со кризи	Адреса	Телефон за контакт
1	Берово	ул. „Партизанска" б.б.	033 471 033
2	**Битола**	бул. „Први мај" б.б.	**195** / 047 208 630
3	Валандово	ул. „Никола Карев" б.б.	034 382 220
4	**Велес**	ул. „Панко Брашнаров" б.б.	**195** / 043 215 420
5	Виница	ул. „Бел Камен" б.б.	033 361 342
6	Гевгелија	ул. „Моински Пат" б.б.	034 212 900
7	Гостивар	ул. „Браќа Гиновски" б.б.	042 215 822
8	Дебар	Дом на АРМ б.б.	046 831 051
9	Делчево	бул. „Македонија" б.б.	033 411 137
10	Демир Хисар	ул. „Битолска" б.б.	047 276 601
11	Кавадраци	ул. „Маршал Тито" б.б.	043 413 826
12	Кичево	ул. „Борис Кидрич" бр. 2	045 225 751
13	Кочани	ул. „Никола Карев" б.б.	033 274 797
14	Кратово	ул. „Гоце Делчев" бр. 76	031 481 495
15	Крива Паланка	ул. „Маршал Тито" бр. 175	031 375 744
16	Крушево	ул. „Никола Ѓурковик" б.б.	048 477 062
17	**Куманово**	ул. „11ти Октомври" б.б.	**195** / 031 475 250
18	Македонски Брод	ул. „7ми Септември" бр. 4	045 274 124
19	Неготино	ул. „Ацо Ацилов" бр. 2	043 371 205
20	**Охрид**	ул. „Димитар Влахов" бр. 57	**195** / 046 231 170
21	Прилеп	ул. „Егејска" б.б.	048 401 020
22	Пробиштип	ул. „Јаким Стојковски" бр. 1	032 483 146
23	Радовиш	ул. „Александар Македонски" б.б.	032 632 274
24	Ресен	плоштад „Маршал Тито" б.б.	047-454 860
25	Свети Николе	плоштад „Илинден" б.б.	032 444 161
26	Струга	ул. „Владо Малески" б.б.	046 785 390
27	**Струмица**	ул. „Моша Пијаде" б.б.	**195** / 034 334 430
28	**Тетово**	ул. „Љубо Бозиновски" б.б.	**195** / 044 356 590
29	**Штип**	ул. „Васил Главинов" б.б.	**195** / 032 223 450
30	Гази Баба - Скопје	ул. „Александар Македонски" б.б.	02 3240 000
31	Карпош - Скопје	ул. „Партизански Одреди" б.б.	02 3092 941
32	Кисела Вода - Скопје	ул. „Првомајска" б.б.	02 2786 741
33	Центар - Скопје	ул. „Михаил Цоков" б.б.	02 3232 699
34	Чаир - Скопје	ул. „Босна и Херцеговина" б.б.	02 2601 855
35	**Град Скопје**	Димче Мирчев, бб, Скопје	**195** / 02 3103 120

Прилози

Прилог 4

Предвидени надлежности и меѓусебни врски помеѓу специјализираните платформи



© Влада на Република Македонија – Центар за управување со кризи 2009